СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРОДОЛЖЕНИЕ НА ЧЕТВРТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СВИКАНА ЗА 26 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА, ВО 10,00 часот

Скопје, 25 јануари 1991 година

ДИСКУТАНТИ НА ПРОДОЛЖЕНИЕТО НА IV СЕДНИЦА

1. АБДИ ФАИК-20
2. АЛИУ ЕШРЕФ-4
3. АНДОВ СТОЈАН-3,6,8,30, 37,50,52,
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО-3, 50
5. АРСОВСКИ БРАНКО-36
6. БЕЛИЧАНЕЦ ТИТО-47,50,52
7. БОШКОВ ЈОРДАН -5
8. ДИМИТРОВА РАТКА-30,32,34
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР-13,48
10. ИВАНОВ ЉУБИСАВ-20
11. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА-8
12. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО-5,50
13. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН -3
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ -21
15. КРСТЕВСКИ НИКОЛА- 27, 29, 31
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА-22
17. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО- 16,25
18. МАНЧЕВСКИ Ј0ВАН-9
19. НАУМОВСКИ СИМОН-9, 21, 34
20. НИКОЛОВСКИ ДУШАН-22
21. ПОПОВСКИ КИРО-18
22. ПРЕВАЛА ШАБАН -46
23. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА-50
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ- 30, 34
25. СТАНКОВСКИ РИСТО-28
26. САДИКУ ФЕРИД-26
27. ТУПУРКОВОКИ ВАСИЛ- 27, 39
28. ТОКАРЕВ АНДРЕЈ-24
29. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН-15,20,25
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР-51
31. ТАИРИ ЏЕЛИЛ- 45
32. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА-45
33. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН-35,51
34. ФИЛИПОВСКИ ИЛИЈА - 37
35. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ-26
36. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 14

крај

..

ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА СРМ ОДРЖАНА НА 26 ЈАНУАРИ 1991 ГОДИНА

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Стојан Андов, претседател на Собранието

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа. Ве известувам дека пратениците Александар Нестаковски, Благоја Ханџиски, Гоце Андоновски, Санде Давчев и Месим Положани најавија оправдано отсуство од седницата.

Ние би требало сега да се вратиме на заклучување по петтата точка по дневниот ред. Заклучување за утврдување на еден текст, јавен текст, обраќање, кој овде би го утврдиле, а во врска со информацијата по повод намерата на црковните власти на манастирот Свети Прохор Пчински, салата на меморијалниот музеј на првото заседание на АСНОМ да се користи како трпезарија, за време на празникот Свети Сава кој ќе се чествува на 27 јануари 1991 година.

Она укажување кое го имавме дека набрзина не можеме да утврдиме текстови и заклучувања, се покажа оправдано и еве Извршниот совет ни подготви неколку варијанти, последнава е нацрт на обраќање, пишува нов текст.

Би сакал да знам дали ви е поделен текстот и дали го имате прочитан. .(ни е поделен) .

Да почнеме со расправа.

Дали некој бара збор.

ЦВЕТАН Ј0ВЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Во вториот пасус реченицата: Доколку повеќе што безбедносното одржување на меморијалниот музеј е во надлежност на Република Србија, како дел од културно историскиот музеј Прохор Пчински од прв ред.".

Би поставил прашање. Од кога не во надлежност односно ако може оваа реченица да отпадне, бидејќи со ова нешто самите потврдуваме на некој начин она што се има случено го потврдуваме.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Ми се чини дека малку подлабоки се корењата на програмата, односно одговорот не е целосен. Кога зборуваме за еден манастир за една сала одречуваме се што е друго наше.И дури така го поставуваме прашањето секогаш ќе наидуваме на отпор. Ме чуди, живееме во една држава не поделена, како можеше досега тоа прашање да не се реши. Сметам дека овде треба да се додаде дека не е во прашање една сала, еден манастир, дека во преговорите и во писмото да се постави малку поостро, бидејки е во прашање една помала територија од место, чисто македонско, Ако така го прифатат србите, тогаш прашањето лесно ке се реши. Ако се бориме само за една сала денеска ќе кажат поповите, утре ке каже владиката и повторно ке наидеме на отпори.

ЕШРЕФ АЛИУ:
Почитувано претседателство, почитувани гости и пратеници, Едно скромно видување на прашањето кое го постави делегатот од ВМРО. Од тој контекст мислам дека може да се одбегне тоа со една формулација вака: Одговор не е добиен ни во писмена, ниту во која да е друга форма, одговор на ова прашање, т.е.
добезбедувањето и одржувањето на меморијалниот музеј, па да отпадне ова "дотолку повеќе што и е во надлежност на Република Србија, како дел од културно историскиот споменик Прохор Пчински од прв ред.". Ми се чини редот на зборовите синтаксички можеби
во македонскиот јазик треба да се померат, тоа "од прв ред „
треба да оди малку понапред.

СТОЈАН АНДОВ:
Овој текст ние се договоривме да го донесеме и објавиме и упатиме, само по повод на информацијата, овде што беше ставена на дневен ред. Само по тој повод. Во него да не ги начнуваме сите оние прашања за кои рековме дека ќе бидат зафатени во материјалот кој ќе биде доставен од Извршниот совет до сите пратеници и тогаш ке одлучиме во која форма на кој начин и кога ќе расправаме
за тие прашања. Според тоа, ние веќе се договоривме овде да нап-равиме само едно наше стојалиште во врска и по она сега што се случуваше, овие денови што се случуваше. Во врска со намерата да се чествува 27 јануари празникот Свети Сава во манастирот. Само во таа конотација, само во таа поврзаност. Затоа и имавме
ние основа да го расправаме тоа. Тоа треба да го имаме предвид
Оваа реченица што се предложи да се брише: "дотолку повеќе што безбедносното одржување на меморијалниот музеј е во надлежност на република Србија, како дел од културно историскиот споменик
Прохор Пчински од прв ред",можеби не треба да стои да не би прејудицирале некој наш став ова дотолку повеќе што безбедносното одржување на меморијалниот музеј го обезбедува република Србија како дел од историскиот споменик Прохор Пчински од прв ред, ние со тоа не сме којзнае друго признале, но кажуваме дека го обезбедува.
Ако наполно го бришеме ја симнуваме сета одговорност за тоа кој влегува, како влегува таму. Затоа таа реченица не треба да се
брише, за да се направи така за да одговорноста остане на тој инаку е потполно бесмислено да им се обраќаме на органите на Србија да не дозволат влегување таму, ако ние не признаваме дека тие секако обезбедуваат тоа чување. Затоа господинот Јовчевски го прашувам дали прифаќа вака.

ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН:
Се согласувам.

СТОЈАН АНДОВ:
Значи оваа реченица ке гласи: "Дотолку повеќе што безбедносното одржување на меморијалниот музеј го обезбедува
република Србија..." и т.н.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:
Мислам дека треба да се согласиме околу забелешката за синтаксата. Мислам треба да стои културно-историскиот споменик од прв ред манастирот Прохор Пчински. Мислам дека е непотребно овој текст да биде толку голем би можеле со едно едноставно и просто соопштение да одиме, со еден протест. Би бил и повод последното скрнавење на манастирот.

ШАБАН ПРЕВАЛА:
Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас само сакам да упростам. Реченицата би гласела вака: "Ова дотолку повеќе што меморијалниот музеј како дел од културно историскиот споменик на Прохор Пчински го обезбедува република Србија". Значи ова дотолку повеќе што меморијалниот музеј како составен дел на културно историскиот споменик Прохор Пчински го обезбедува република Србија.

ЈОРДАН БОШКОВ:
Во ред е оваа дискусија околу реченицата, јас мислам тука ке се усогласиме. Туку мене ме загрижува друго. Дали тоа е некаков пропуст или е вистински однос. Во овој текст на три пати се спомнува манастирот Свети Прохор Пчински, првиот пат напишан е како Свети Прохор Пчински а другите два пати Манастирот Прохо Пчински. Јас мислам дека суштествено е ние да почнеме да не бегаме од тоа"Свети", во однос на овој манастир.

СТОЈАН АНДОВ:
Јас мислам во една редакција може да се даде правото име. Се знае како се вика тој манастир и во подготвување на текстот за јавност треба да биде точно напишано. Ако е Свети Прохор Пчински , треба да биде Свети Прохор Пчински. Ако не е Свети Прохор Пчински, да биде како што е. Се согласувам со пратеникот Бошков да го заклучиме тоа да се исправи. Се договоривме оваа реченица да гласи како господин Превала овде ја изрече. Му благодариме на господин Превала.
А сега јас ве прашувам, авторите од Владата оваа реченица што претходи на таа реченица, задниот дел, не е добиено ни во писмена форма, ние ниту во која и да е друга форма одговор и став по ова прашање. Јас мислам ние мораме само точни работи да пишуваме, а овде бевме на седницата сведоци дека бевме информирани дека сме добиле одговор и став само по телефон. Не да не сме добиле, но писмено не сме добиле. Да кажеме што е неточни работи не треба да стојат. Според тоа не е добиен ни се брише во писмена форма одговор и став по ова прашање нити во која и да е друга да се брише.

Поради тоа Собранието на СРМ изразува енергичен протест против оглушувањето на укажувањето. Мора да кажеме со тоа што тие се јавија нема оглушување, туку можеби да кажеме што се јавија доцна. Не ни одговорија писмено и не ни одговорија на време. Ние мораме точно да знаеме зошто најенергично протес- тираме. Само тоа мора да биде точно. Поради тоа Собранието на СРМ изразува најенергичен протест против задоцнетата реакција. Може ли така. Ве молам размислете за таа реченица. Ние многу лесно можеме да добиеме како тоа не било, значи вашите органи не го известуваат собранието. Така можат да ни кажат ако кажеме овде во никоја форма реакција не дошло и ние ке си го понижиме

Собранието кое не може да обезбеди од надлежните органи да биде навреме известено. Што не е точно. Нас не известија. Таа реченица треба да се преформулира и треба да видиме што е основата на нашиот протест точно да ја формулираме и потоа степенот на протестот да го подесиме спрема основата овој пат.

..........................

Нека стои"според тоа Собранието на СРМ изразува најенергичен протест против доцното ваше реагирање на нашите укажувања или на вашето несоодветно реагирање на нашето укажување,,.

СТОЈАН АНДОВ:

Ние мораме овде да го испочитуваме ова што се вели. Оваа реченица има смисла по мое мислење, ако општите наши позиции во врска со овој проблем ги подобри. Ако ги подобри, ако таа реченица биде само мерка на некој наш гнев и мерка на нашата немоќ, не е потребна, ништо не значи. Ние мораме да сфатиме дека од денеска работиме во други услови, ние денес работиме како суверена држава, која покрај чувство и гнев има интерес и мудрост, има и стратегија и план и постојано работи да си ја подобри позицијата во сите однесувања со секој друг фактор надвор од Републиката. Не сме како вчера. Вчера бевме народ во една република која не изрази сувереност и можевме да се потпираме на чувствата пред јавноста, инаку како некој елемент на нашата сила и т.н. Сега нашата мудрост и стратегија е поголем елемент на нашата сила, отколку непосредните чувства. Така да јас во оваа реченица би одел само на тоа како да ги зајакнеме нашите позиции, а не да кажеме колку сме лути. Ние треба да кажеме дека протестираме за неготовноста на време да се договориме во врска со вакви инцидентни ситуации. Тоа е нашиот протест. А не е неповредливоста ние не сме силни да се наметнеме, тоа значи дека можете вие да се лутите до кога сакате, ама не се решава тоа прашање. Напротив, ние треба да кажеме таквото стојалиште во што е. Ова што ке кажеме најенергично, ова она, тоа не значи ништо. Тоа е повеќе свртено према нашата јавност, отколку према оној со кого треба да имаме повеке позиции. Не знам дали е јасно во што се суштината.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници моето прашање што вчера го формулирав беше дека ја осудуваме одлуката на црковниот

одбор на Српската православна црква, а овде се работи за обраќање кон српското собрание. Така да, бидејки ова е прво обраќање кон српското собрание и прво обраќање воопшто на македонскиот парламент кон некоја друга институција на останатите држави во Југославија, мислам дека ние треба ова писмо да го дадеме во поблага форма и со една благодарност кон односот.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ: (продолжение)
Законот што навистина овој проблем го решил, што ни излегле во пресрет на нашите реагирања, така што ова да биде зародиш на едни подобри односи понатаму помеѓу двете собранија. Да ја искористиме оваа прилика, да дадеме иницијатива за понатамошна соработка.

СТОЈАН АНДОВ:
Дајте да се разјасниме. Има нешто во идејата, но така како што е изнесена за мене како пратеник е неприфатлива, но да видиме што има во идејата. Таа реченица кои наши работи треба да ги заврши. Ние тука не смееме по мое мислење да се обратиме на црковните власти, ние не смееме на ова Собрание да ги правиме партнери црковните власти во Србија. Нам ни е партнер само Собранието. На црковните власти црковните власти нека се објаснуваат. Ние поаѓаме од фактот овој проблем ни се раѓа од тоа што Социјалистичка Република Србија ја обезбедува, ја осигурува безбедноста, како што рековме во претходната реченица, а не го прави доволно добро тоа. Ние за тоа се обраќаме на неа. Тука имаме една ваква ситуација. Досега беа доста инцидентни ситуации, овој пат се реагираше доцна, но се реагираше. Ние би требале да изразиме незадоволство затоа што доцна се реагираше што оневозможува правовремен договор и отстранување на сите околности кои водат кон инцидент. Тоа би било прво.
Второ, да кажеме на таков начин оние во Србија инстанци кои сепак реагирале и имале проблеми во тоа реагирање да го обезбедат, едновремено тие да ги охрабриме, а да изразиме незаодволство од оние, знаете и Србија, како и Македонија
таму има разни гледишта, да го охрабриме оној дел кој не сака индиценти и реагирал, така што реченицата да биде таква да
мудро настапиме, мудро стратешки да настапиме.

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:
Тука би можело да стои наместо "не е добиен ниту во писмена, ниту во било која форма", "многу тешко се добиваат
одговори и ставови по ова прашање„.

СТОЈАН АНДОВ:
Ние мораме да кажеме во оваа ситуација.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:
Сакам само ако можам да дадам свој придонес. Само еден
збор да измениме. Наместо "оглушувањето" да стои "индолен-
тниот однос на нашите укажувања„

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:
Почитувани пратеници, наполно го сфаќам и односот на Претседателот и се надевам конструктиниот став на сите нас пратеници овде за да го искажеме револтот, за да не останеме индиферентни на оваа состојба, меѓутоа, и да сфатиме дека сме Собрание и дека со целата својата одговорност стоиме зад напишаниот текст. Мислам дека малку се расплинавме. Овде има лекторски работи за кои што постои служба во Собранието, не знам дали денеска е на работа. И сметам дека истата може да го обработи текстот така што на крајот на седницата да ни понуди за да овде не седиме и за секој поединечен збор се расправаме. Не знам колку ќе биде во прилог на работата на оваа служба, ако се прифати овој предлог. Ова беше едно мое размислување "Собранието изразува најенергичен протест против ваквата состојба", а понатаму да се образложи. тоа е само како еден предлог, не смета дека е можеби најповолен, меѓутоа, како предлог стои ова да го реши Службата и на нас да ни даде прочистен текст за кој што по-натаму би се договориле.

КИРО ПОПОВСКИ:
Почитувани пратеници, би предложил конкретна формулација. С е работи за мислата и реченицата околу која мислам дека нема потреба многу долго да се задржуваме, а битно е. Би го предложил следното: "поради тоа Собранието на СРМ изразува најенергичен протест против овој чин како и за неблаговремено преземените мерки за негово попречување", што е втор факт, едновремено изразувајќи готовност за заемно договаракње, разговори и за надминување на сите прашања што се јавуваат во односите меѓу двете републики. Значи, протест против чинот, против неблаговременото реагирање, а едновремено изразуваме наша спремност за разговори и за разрешуваање на односите меѓу двете републики.

СТОЈАН АНДОВ:
Ако може да престанеме.Идеите се јасни што сакаме да кажеме со оваа реченица. Господинот Тито Петковски овде има една формулација и го молам да ја напише, да ја откуцате, и да ја проверите. преку службите тоа да се уреди. Последниот пасус мислам дека е јасен. Последниот пасус се усвојува како што е. Само таа реченица да ја изнесеме. Инаку, текстот мора овде да биде утврден, овде мора Собранието да го утврди.
**Минуваме на точката 7.**
Состојбата со водоснабдувањето на градовите Прилеп и Крушево.

Отворам претрес.
Кој бара збор?

СИМОН НАУМОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и гости, проблемот со регионалниот водовод Студенчица кој е некаде со должина од 70 километри и ако денеска би се градел би чинел, по една посебна процена која чини околу 60-тина милиони долари кој снабдува четири општини со вода. Веке 9 месеци е актуелен проблем на ова Собрание и на претходното односно актуелен проблем во оваа сала и во Извршниот совет. Проблемот се исполитизира до тој степен што од општински проблем прерасна меѓуопштински, републички, од републички разбра цела Југославија па верувам и во многу земји во Европа се пишуваше за него во изминатата година. Одржани се во овој временски период кога е прераснат на републичко ниво безброј разни состаноци на ниво на комисии, институти, на ниво на Извршен совет меѓуоптшински договарања, раководители на општини и повеќе се одржани седници на минатиот состав на Собранието. Се дозволи сакајќи или не да се направи случај со пошироки размери, да се доведе без сакање и непотребно и дел врвни политички личности од Републикава да се искомпромитираат. Дозволивме со овој проблем да се заострат односит меѓу две општини Прилеп и Кичево, до состојба на усвитеност иако знаеме дека односите меѓу овие два народа од поодамна биле извонредно добри. Несфатливо ми е знаејки го обемот односно претпоставувајќи за големината на обемот на средствата со кои може овој проблем да се реши за што и подоцна ќе дадам некои предлози решавањето на овој проблем се доведе на републичко ниво се одолговлечи 9 месеци а можеби и повеќе и да го доведеме на такво ниво да дозададеме такви односи кои вам на сите ви се познати.

Овој проблем го префрливме сега и во решавање кај нас на седниците на новиот парламент. Сигурно потрошивме претпоставувам можеби половина од потребните средства, можеби повеќе и помалку за решавакње на овој проблем во држани седници на општински собранија, седници на Извршен совет, седници на бившото собрание, средства потрошени за штрајкови, средства за ангажирање на милицијата, средства за организиранње на превоз итн, непотребно макар што ако постапевме поинаку овој проблем можеби досега ќе имаше целосно решение. Си го поставувам прашањето, дали сме толку богати и еден ваков проблем го одолговрелекуваме во недоглед. Или да го дадам другиот одговор, сиромавиот сигурно дупло плаќа за ненавремено решавање на одредени прашања. Ве уверувам дека ниеден жител од општината од каде што доаѓам, немаше ниту намера ниту желба овој проблем да го решава овој парламент, да се преокупираме ние со него, ниту прашањето со трајното решавање на проблемот Студенчица да се решава со натамошно заострувањње на односите на жителите меѓу општината Прилеп и Општина Кичево.

СИМОН НАУМОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За да овој проблем се реши, а јас мислам дека може да се реши и целта ми е на настапувањето и вчера и денеска и на сите нас пратеници тука денес се стави точка и даде трајно решение и се стави целиот проблем на Студенчица во практично решавање на пролемот. Бараме како Прилепчани

Прво, во овие зимски услови, кои владеат денеска со релативно многу ниски температури нормално да се овозможи Прилеп да има скромни потреби на вода во траење од неколку наредни месеци, онолку колку може да се одржува водоводот. Да не се дозволи да настане хаварија од немање на вода со пукање на водоводната инсталација во градот што веќе нагло почнува да се случува.

Имајќи ја предвид моменталната издашност на изворот, тоа може да се оствари. Не би требало да има никакви проблеми и да се случува она што сега се случува со градот. Тоа е првото барање. Сметам дека Извршниот совет тоа може да го направи.

Второ, бараме Извршниот совет заедно со соодветна стручна група, веднаш да се оформи таа, дали од поедини проектанти, дали ангажирајќи и институции од Републиката, дали ангажирајќи институции надвор од Републиката, вклучувајќи го и проектантот на водоводот Студенчица веднаш да пристапи кон практично изнаоѓање на конечно решение за водоснабдувањето на градот Прилеп, бидејќи тоа е веќе меѓу општински случај и ги надминува рамките од општината, не може сам да го реши никако.

Во таа смисла треба стручната група веднаш да пристапи да најде решение за дополнителен извор, вклучување на вода во регионалниот водовод Студенчица од посебни води, или во крајна варијанта да се реши проблемот на приклучување со вода од изворот Питранот, наречен под име Питроп во близина на село Дворци, на патот кон релација Македонски Брод - Кичево, од левата страна кога ќе се оди за Кичево и некаде околу 1700 м треба цевовод за приклучување на главниот водовод, за да има доволно вода за снабдување на регионот Прилеп, како трајно решение.

Ценам дека со овој зафат не се потребни повеќе од 5-10% средства од масата на средства што досега се инвестирани во регионалниот водовод Студенчица. Според тоа, ако се погледа масата на инвестиции и потребните средства за дополнително инвестирање, под претпоставка да со изворот Питранот нема никакви други проблематични решенија, тогаш прашањето за трајно решение на Студенчица може да се изведе во најкраток можен рок. Таа стручна екипа која треба да ја оформи Извршниот совет, како највисока извршна власт во моментот во Републиката, треба да предложи трајно решение на проблемот, техничката документација да ја подготви, а ценам дека и досега требаше да биде подготвена по еден заклучок што се има од септември донесено на бившите органи за оваа проблематика, да даде финансиска конструкција за решавање на овој проблем, да даде предлози колку и како, со какви активности и мерки Прилеп и Крушево да се вклучат во тоа решение и да се пристапи кон практична реализација на овој проблем.

Јас од ова место барам да повеќе ова Собрание не го преокупираме со ова прашање. Бараме наеднаш да се пристапи кон практично решавање на Проблемот. Повеќе да не дозволиме да се политизира случајот и да се заоструваат односите и да правиме републички проблем, како и натаму да жртвуваме одредени личности. Сметам дека решението е изводливо.
На крај го молам Извршниот совет на истекот на нивниот мандат да се обидат ако е издржано ова што го реков, дозволувам да има грешки во моето излагање, дозволете ми да кажам дека и најстопроцентно не сум се во тек, колку вие сте во тек со ова прашање но сметам дека имате сили, имате можности, имате знаење да се направи потез за ставање во функција на целосно решавање на ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господин Богдан Неделковски , министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:
Почитуван претседател, почитувано Претседателство, почитувани пратеници.

Претходниот пратеник што расправаше дека доста во ова Собрание се водело расправа, како и во другите надлежни органи во Републиката, Извршниот совет точно е, бидејќи јавноста беше редовно информирана за сите активности што се преземаа во изминатиот период.

Последен пат Собранието на СРМ расправаше кон крајот на октомври, и притоа покрај заклучувањето и донесените мерки донесе одлука, на 2 6 октомври 1990 година, за формирање на јавно претпријатие за водоснабдување Студенчица-Злетовица, со задача да се грижи за собирање пренос,пречистување и дистрибуција на вода за потребите на домаќинствата и другите потрошувачи.

Во овој период определен е привремен работен орган, поднесено е барање до Окружниот стопански суд за упис во судскиот регистар и отворена е времена жиро сметка. Обезбедени се и основните материјално-технички услови за работа на претпријатието. Од страна на привремениот работоводен орган на јавното претпријатие преземени се мерки за продолжување на континуитетот за разрешување на активностите за водоснабдувањето. Така на 7 ноември 1990 година одржан е состанок со претставниците на комуналните организации од Прилеп, Крушево, Македонски Брод, јавното претпријатие "Електростопанство на Македонија". На оваа средба единствено не бил присутен претставник од јавното претпријатие "Комуналец" - Кичево. Со јавното претпријатие "Електростопанство на Македонија" како инвеститор на дел од водоводот во постапка е усогласување на договорните обврски за меѓусебните обврски за преземање на водоводот. Заради трајно решавање на проблемот, за изнаоѓање на нови извори на вода од страна на Јавното претпријатие "Студенчица-Злетовица" преземено е следното:

Изготвен е договор за изготвување на инвестиционо-техничка документација за зафаќање на водите од изворот Питрон, кој што има издашност од минимум 120 до максимум 250 литри во секунда.

Договорена е изработка на проект за алтернативно водоснабдување на РЕК "Осломеј".

- Изготвена е елаборација за обезбедување на биолошки минимум на водата во реката Студенчица и тек се изнаоѓање на можности за реализација на истата.

Меѓутоа, за интервентно подобрување на водоснабдувањето на Прилеп, Извршниот совет на Собранието на СРМ одобри два милиона и двеста илјади динари за изградба на нови четири бунари, кои заедно со постојните неактивнирани четири бунари ќе обезбедат додатни количини од над 65 литри во секунда.

Досега активностите за ставање во експлоатација на овие бунари од страна на јавното претпријатие "Комуналец" од Прилеп не се одвиваат спрема потребите и од тие причини проблемот за подобрување на водоснабдувањето останува отворен. Информиран сум дека активностите се во тек и се надеваме дека наскоро овие четири бунари ќе бидат ставени во експлоатација.

Според последните мерења извршени од страна на Хидролошко-метеоролошкиот завод на 23 јануари 1991 година издашноста на изворот Студенчица изнесува 575 литри во секунда. Дотокот на Барбарос изнесува 202 литри во секунда. Според проценките на јавното претпријатие Студенчица-Злетовица, а врз основа на напред споменатите податоци кон РЕК Осломеј, протокот изнесува 188 литри во секунда. Кон Прилеп, Македонски Брод и Крушево 230, а кон Кичево 157 литри во секунда. И тоа исклучувајќи ја потрошувачката на РЕК Осломеј. Односот на распределбата е 40% за Кичево, 60% за Крушево, Македонски Брод и Прилеп. Очигледно е дека проблемите се појавуваат на локалните градски мрежи кои се во надлежност на локалните јавни претпријатија во општините. Според тоа, станува збор за комунален проблем за кој во надлежните јавни претпријатија се преземаат одредени активности кои не се остваруваат по својата динамика, особено во општината Прилеп. Оттаму, повторно актуелизирање на овој комунален проблем на Собранието на СРМ не оди во прилог на разрешување односно сите овие активности кои досега се преземени и се во тек одат во конечно разрешување на целиот проблем, па затоа овие ажтивности кога има вода мислам дека не одат во прилог за разрешување на истиот.

Уште вчера кога беше поставено пратеничкото прашање веднаш е активирана Републичката инспекција за стопанство. Извршено е инспектирање на целокупниот водовод. Констатирана е следната состојба.

Сите овие податоци кои се тука се точни мерени од Републичкиот хидрометеоролошкиот завод. На Прилеп му остануваат на располагање со сопствените извори 250 литри во секунда, затоа што во разговорот со генералниот директор на јавното претпријатие Комуналец-Прилеп, и ако е упатено апел до граѓаните во четири наврати за три дена, поради ниските температури, а тоа е присутно и во РЕК Осломеј, заради ниските температури, во Прилеп трасата од Кичево до Прилеп, најверојатно и во Кичево се оставаат дворните чешми да течат, за да не би замрзнале, а исто така и во РЕК Осломеј е зголемена потрошувачката технолошки поради мрзнење на дизните. Инспекторот констатирал околу 30 литра прелив, кое денеска исто така ќе биде

регулирано. Меѓутоа и овие 30 литри да се насочат, ако сите чешми бидат отворени во поедини делови на градот ќе се чувствува недостаток.

Според тоа, во овој момент вода на Барбарос за користење на Прилеп и Крушево има доволно под услов да се користи рационално и да се надмине проблемот со отворањето на славините во дворните чешми.

Второ, Извршниот совет останува доследен на спроведување на сите заклучоци на Собранието на СРМ. Сите ангажирања се во тек за трајно разрешување на овој проблем да и ова Собрание во натамошниот период не се занимава со овој проблем, меѓутоа да биде само повремено информирано како течат активностите и во која фаза се,
за да ако има потреба од помош, се обрати до ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господинот Ѓорѓиев.

ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници. Сметам дека
поставеното пратеничко прашање на вчерашната седница беше во функција на изнаоѓање на конкретни мерки и надминување на овој проблем да не остане пак и во овој состав на Собранието како предмет за дневно наше, на одреден начин надмудрување. Сметам дека во овој момент расправајќи по проблемот на снабдувањето од регионалниот водовод Студенчица надминати се два приода.

Првиот е што до минатата година тоа се констатира низ цело време на расправата, и имаше едно безвластие на користењето на самиот регионален водовод. Сега веќе тој проблем е надминат со организирањето односно со конституирањето на јавното претпријатие кое што ќе стопанисува со самиот водовод.
Второ, политичката димензија што доби во почетокот потесни размери, после пошироко, сега е надминато, бидејќи изборите завршија, резултатите се познати и сметам дека веќе нема потреба тоа да се актуелизира. Останува уште ние да се договориме да го задолжиме Извршниот совет за конкретни, практични мерки што треба тој да си ги извршува низ својата законска регулатива.

Прво, обезбедување несметано на користење на водата што моментално ја има во изворот. Јасно е дека вода нема доволно. Од 1500 литри во секунда дојде на 500 литри во секунда. Не е тоа случај само со овој водовод, тоа е случај со сите водоводи во Републиката. Според тоа сметам дека тоа не е она што беше ндоакнувано во рас-правата во минатата година, грешка на проектанти, па дури требаше некој политички да бидат прогонувани заради промашени инвестиции.

Второ, мислам дека би требало да биде како краткорочна мерка, тоа е интервенција добивање, односно издавање на водостопанската дозвола и почитување на водостопанската дозвола. Тоа е заклучок под број еден.

2. Интервенции оперативни, или зафаќања оперативни во делот на она што е утврдено веќе за водата која се губи во водотекот на Студенчица. Такви интервенции мора да се направат и сметам дека таа интервенција ќе доведе до таму да 80 литри вода во секунда повторно биде вратена во користењето на овие општини.

Долгорочни мерки, сметам дека беше предложена долгорочната мерка, е изготвување на студија за нови азфаќања заради обезбедување на вода на градовите Прилеп, Крушево и Македонски Брод и тоа трајно. Инаку, ова решение е времено, а трајно е со предлогот што беше даден со зафаќање односно со изградувањето на водоводот од зафатот на Питран.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор господинот Џафери.

НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:
Почитуван претседател, почитувани пратеници. Во се се согласувам со претходниот колега пратеник, ми одзеде голем дел од дискусијата. Единствено не се согласувам дека прашањето се постави заради избирање на некакви си политички поени. Намерата во никој случај не ми беше да продолжи минатогодишната агонија на расправии за овој случај, туку изнаоѓање на трајни решенија и уште еднаш воопшто да не влезе на вратите на ова Собрание овој случај. Ниту имавме намера да обвинуваме некого, сигурно знаеме дека Извршниот совет преземаше и презема одредени мерки за разрешување на овој проблем, меѓутоа мора да кажеме дека заради нашата неенергичност овој случај се провлекуваше скоро цела година. Ве молам треба да бидеме исправно сфатени, вистината е во тоа дека ова е времено решение што се презема, треба да профункционира тоа јавно претпријатие. Јас не знам колку месеци или години му треба на Стопанскиот суд да го издаде решението за регистрација и не се согласувам со некакви времени органи, туку уште веднаш таа работа треба да се заврши и тоа претпријатие треба да функционира, да се знае кој стопанисува со тој објект, бидејќи во ова време, тоа вчера го слушнавме, знаеме дека нема водостопанска дозвола, не знаеме кој стопанисува - Електростопанство или јавното претпријатие кое е формирано минатата година.

Затоа апелирам Извршниот совет до крај да ги држи работите во раце. Дали е потребно таа водостопанска дозвола со истата распределба да остане на снага се дури не се донесат нови акти односно не ги преземе работите целосно новото јавно претпријатие што ќе прави нека прави, но да не се исполитизира повеќе овој случај и да не се доведеме во состојба наместо илјада други проблеми што ги имаме да ги решаваме, секој ден Студенчица да ја внесуваме како проблем во ова Собрание. Мене многу ќе ми биде мило ако ова биде последниот ден што би се расправало за овој проблем.

СТОЈАН АНДОВ:
Молам, кој друг бара збор?
Почитувано Претседателство, почитувани пратеници и гости.
За случајот Студенчица е доста кажувано и пишувано како во јавните

гласила, на радиото и телевизијата. Секој даваше свој коментар и секој гледаше од своја гледна точка. Ми се чини дека тоа нешто придонесе случајот Студенчица да ескалира до крајни граници од него да се направи политички случај. За да се напуштат тие политички игри кои што во тоа време владееја во оваа наша Република, а посебно помеѓу тие два града, сметам дека на проблемот Студенчица треба да му се погледа на вистината во очи и да се стави акцент на водата. Самите ние да се запрашаме и укажеме што е вода и што значи за животот на луѓето. Ако така ги погледаме работите и сфатиме за самата вода што значи за животот на човекот, сметам дека многу полесно ќе се најде едно такво решение и дека тоа решение ќе биде целисходно како за Прилеп, Крушево, Македонски Брод и Кичево. Меѓутоа сега сакам да кажам една друга работа, што вчера господинот Тодоровски ја истакна, дека водостопанската дозвола на 31 декември завршила и сега се прашуваме што понатаму. Дали таа водостопанска дозвола се чекаше да помине па овој проблем повторно да го актуелизираме и пак некој да се игра со вентилите на самата разделна градба во Другово. Ако веќе се знаеше дека таа водостопанска дозвола завршува, зошто претходно не се побара таа да се продолжи, или се чекаше некој друг да го реши случајот. Исто укажуваме дека таа водостопанска дозвола треба да ја обезбеди Електростопанство на Македонија. Тука е и проблемот. Зошто тие да не го продолжат. А како сега ние сакаме да имаме едно нормално одвивање и регулирање на водата кога немаме водостопанска дозвола, која што е најосновна и која што може многу полесно да се добие отколку овде да се расправаме и да правиме проблеми. Само да напомнеме што би значела таа вода за традот Прилеп. Имаме ние долго искуство од претходната година што воопшто се случуваше. Сметајте дека Медицинскиот центар во Прилеп мораше да ги испушта болните, оние што се полесно болни да ги испушта во своите домови, а потешко болните да ги испраќа во другите центри на Републиката.

Имавме прекин во школството. Зарем оние мали невини деца што дошле да учат да немаат основни елементарни услови за да се одвива наставата, да го следат наставниот програм. Какви се не штети имаше и самото стопанство. Спомнавме дека вода има и дека чешмите ќе се пуштаат во Прилеп, Кичево и не знам каде. Тоа е точно. Има вистина во тоа, меѓутоа треба да сватиме и од ова намалување на водата какви се штети доаѓаат во градската мрежа. Доаѓа до пукање на цевки, ете повторно загуби, ете повторно изливање на водата. Ако ние овде денес не решиме овој проблем понатаму не го ставаме на дневен ред, туку денеска да кажеме дека онаа водостопанска дозвола на која и помина важноста да продолжи, каква таква, со препорака со распределбата што е пишана и да важи се до конституирање на новото Собрание со сите негови органи и тела. После тие органи и тела да си ја преземат својата должност. Ова да се отпочне веднаш.

Препорака, Електростопанство да си ја продолжи и неговата работа, неговата надлежност и што е најбитно јавното претпријатие да се забрза бидејќи тоа е единствен начин и пат каде што може да се дојде до една правилна распределба, бидејќи укажуваме дека тоа јавно претпријатие ќе стопанисува на доходовен принцип. Кога се во прашање пари, јас мислам дека секој ќе размисли да има подобра распределба,

бидејќи секој еден не може да ја користи водата бесцелно, а кога таа веќе се плаќа. Цена за водата нема.

Во Информацијата кажано е дека на 25 издашноста на изворот била 522 односно 525 литри, а претходно кажуваме дека на 23 била 575 литри. Се прашувам од каде е таа вода, некаде 50 литри да се губат. Ако се постапува според таа водостопанска дозвола, во овој случај, при овој доток на вода на Барбарас би требало да имаме околу 270 литри во вода, имајќи предвид 60% за Прилеп, Крушево Македонски Брод и 40 % за Кичево и РЕК Осломеј.

Апелирам до овој Парламент, да донесе еден заклучок за сите оние активности што се одвиваа и сите заклучоци кои беа донесени од претхдоното собрание да се актуелизираат односно да се забрза за да може проблемот на Студенчица да се реши трајно

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Јас имам една реплика. Се додека не се издаде нова водостопанска дозвола врз база на одлуката на Извршниот совет, републичките органи ја спроведуваат доследно. Според тоа нема никаква анархија во спроведувањето и функционирањето на водоводот.

Второ, тоа е акт кој се издава на барање и најскоро ќе биде издаден по сите тие норми кои важат за регулирање, како и досега и ќе се спроведува. Според тоа, да не повторуваме, да не свати погрешно, јас тука објаснив, се работи за моменталната состојба што е однос на потрошена вода меѓу Прилеп-Кичево да ја запазат водостопанската дозвола, а се работи за разлика на вода што троши Осломеј. Во текот на денешниот ден ќе се види што е тоа најрационално во технолошкиот процес бидејќи се работи за значаен објект и во крајните можни граници да се намали потрошувачката на вода во РЕК Осломеј. Според тоа за овој проблем, за трајните решенија а и привремените кои се преземаат, информира дека се сите во тек и дека ќе се почне едно по едно да се реализираат.

ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:

Господине претседателе, господа пратеници

Јас само малку ќе се задржам во однос на овој регионален водовод што е наречен регионален, меѓутоа, тој регионален водовод за мене како жител на Кичево не е регионален туку е водовод од посебен интерес само за одреден број на жители во градот.

Што се однесува до Студенчица јас малку поназад ќе се вратам бидејќи во времето кога се правеше тој водовод, јас бев делегат во Собранието на општината. Таму долго време се дискутираше дали овој водовод требаше да се изгради, или не. Господата од претходните раководства овој водовод пошто пото го изградија, иако немаше доволна количина на вода уште тогаш кога се градеше. За таа цел голема полемика се водеше во Собранието и беа исклучени неколку луѓе од партија заради тоа што не прифаќаа едноумието. Меѓутоа, било како било се изгради тој водовод. Во прво време беше водовод, не беше регионален. Понатаму почна да се вика регионален за да биде од посебен интерес. Имаше големи полемики.Со господата од сегашното раководство Кичево е многу сито. Сито е заради тоа што не најдоа

начин да најдат решение и да го трујат ова Собрание овде, да не трујат и сега нас пратениците.

Господинот Тупурковски беше повикан на еден состанок, на еден митинг. На тој митинг беше повикан за некако да ја смири ситуацијата, за да се најде соодветно решение. Меѓутоа решението не се најде, макар што народот кичевски беше толку согласен и бараше пошто пото да се реши овој проблем, и луѓето од другите општини да имаат вода. Вода во тој водовод нема.

Овде се водеа полемики, вие знаете добро, меѓу господинот Тупурковски и господинот Беличанец. Се искараа просто за тој водовод, зошто госпдинот Тупурковски отишол и некои други работи кажувал таму во тој кичевски регион, а другарот Беличанец кажувал нешто друго.
Ние во Кичево не сме склони другиот народ да страда за вода. Јасно ни е на нас дека вода треба да има. Меѓутоа, решение со овој водовод нема. Ние можеме само да се занесуваме, да се лажеме и не знам што да кажуваме, но вода нема.

Што се однесува до ветувањата што беа дадени во Кичево дадени од старото собрание, беа ветувања дека биолошкиот минимум уште веднаш ќе се реши во Кичево, на тие села што се наоѓаат во тој крај, горно и долно Добреноец. Биолошкиот минимум и ден денес се решава.
Тогаш беше кажано дека уште веднаш почнуваме да го решаваме биолошкиот минимум и луѓето да имаат вода. Сега се прашувам јас дали луѓето кои се во селата е потребно да имаат вода бидејќи тие со години тука живееле и имале вода. Тоа не е решено.

Понтаму се кажа дека веднаш се почнува со подготвување на проект за приклучокот на Питанец. Питранот има 210 литри вода и тоа во најсушниот период, тоа го имаше минатата година. Ние 5 години наназад немавме никаква вода односно никаков снег кој можеше да дава поголеми количини на вода, меѓутоа, таа вода е таа и не може друга да биде. Сега слушам тука дека него ќе го градиме. Меѓутоа, кога имаме вакви проблеми кога вака треба да го решаваме проблемот сега и на овој парламент, кога треба ние на одреден начин да се задржуваме на една работа која што со години ја тераме. Не е ова сега за 9 месеци. Во времето кога се градеше водоводот се рече дека Кичево, Прилеп, Крушево и Македонски Брод ќе имаат за 30 години вода. Меѓутоа што настана. Вода уште третата година почна да се вика дека нема. Уште од третата година од пуштањето на водоводот требаше тие работи да почнат да се решаваат.
Минатата година, инаку јас работам во РЕК Осломеј, кога беше најкритичната положба во однос на решавањето на проблемот со водата, ја застанаа електраната. Таа беше запрена поради тоа што наводно нема вода. Точно е, се согласувам и така треба да биде. Доволно е да електраната биде застаната и како што ни беше речено само за два дена ќе се запре, после два дена сигурно ќе заврне дожд, или што знам и ќе имаат овие градови. Напротив електраната стоеше 17 дена. 17 дена стоеше електраната што за мене не беше исправно. Зошто? Затоа што можеше да се обезбеди вода од цистерни. Многу поевтино ќе чинеше снабдувањето со цистерни, можеше дури да се земат цистерни од војската него снабдувањето на сметка на електраната која 17 дена воопшто не работеше.

Господа пратеници. Ние во електраната имавме штрајк. Штрајкувавме не за лични доходи како што штрајкуваа многу претпријатија поради немање на личен доход а нашето претпријатие штрајкуваше затоа што немаше работа. Јас тогаш бев во тој штрајкачки одбор и за несрека еве сега сум тука и можам да ги изнесам проблемите токму така како што се одвиваа.

Побаравме да почне електраната да работи затоа што работата што ја имавме таму, ние скоро 900 вработени сме таму и никој од нас не работеше. Сите ние одевме на работа и просто го чекавме личниот доход. Меѓутоа,тој личен доход требаше некој од некаде да го обезбеди, за тие 17 дена што не работевме. 17 дена електраната работеше со капацитет од 2.500.000 киловат часови електрична енергија со што ова наше македонско стопанство изгуби 42.000.000 квтч електрична енергија или ако се помножи тоа со два динара изгубило ова македонско стопанство 8.500.000 долари. Замислете колкави се тие пари што треба да ги сноси ова наше македонско стопанство, поготово нашето кичевско стопанство кое што пропаѓа од ден во ден а вие добро знаете дека тоа стопанство во Кичево е на работ на пропаста и Кичево секогаш било слепо црево во Македонија

Понатаму јас мислам дека решение нема. Ние овде и да се расправаме и не знам што да кажуваме можеме само да се залаваруваме.

Јас мислам дека нема решение со водоводот. Сега вие гледате дека во овој период кога падна една огромна количина на вода, ние и сега немаме вода, а замислете што ќе биде во лето кога ќе нема ни капка вода, кога пак ќе се караме и ќе зборуваме заедно против Кичево и Прилеп. Вода не може да има заради тоа што водоводот е толку мал што не може да биде така како што треба.

Ние знаеме дека во периодот на едноумието беше ако сакаш да завршиш работа, формираш комисија и со тоа се е завршено. На ваков начин може да останеме и натаму, затоа ве молам саслушајте ме добро за работата што треба да ја имате предвид за натамошно одлучување.

Што се однесува до формирањето на јавно претпријатие, јас мислам дека тоа нема да го реши проблемот. Јавното претпријатие може да го реши проблемот во однос на вклучувањето на другите водоводи кои овде ги изнесе претходниот пратеник до Прилеп. Вклучувањето на тие води кои треба да влезат внатре во тој водовод може едноставно само да го ублажат случајот. Инаку, во никој случај не може да биде друг начин на решавање.

Јас уште за една работа би го замолил Извршниот совет што се уште е тука, а вчера беа поставувани доста парламентарни прашања. Јас не станав вчера да кажам затоа што стана збор за решавањето на водоводот Студенчица па би ги замолил другарите од Извршниот совет покрај овие бројки што јас ги имам вака во глобала, можеби тоа не е точно целосно, но тоа е точно и бидејќи сум јас како што реков вработен во РЕК Осломеј, во непосредното производство и знам дека во тие денови капацитетот беше толкав.

Покрај овие 8.500 долари што се дадени, го молам Извршниот совет и инсистирам на тоа да ми се каже колку средства се обезбедени за милицијата која беше таму, за решавање на проблемите со водоводот и до каде се тие средства обезбедени.

Второ, од каде и колку средства се обезбедени за застојот на електраната.

Трето, од каде и колку средства се обезбедени за институтот Черни која што цело лето беше на лице место таму и ги решваше наводно проблемите односно земаше пари и си одеше.

Четврто, од каде и колку средства се обезбедени аз куќата која беше нападната од страна на граѓаните од Кичево, кога милиционерот Добре од кај нас од Кичево отиде и ги чуваше милицонерите на водоводот Студенчица.

Уште едно прашање би поставил. Овој водовод е граден од страна на РЕК Осломеј која дала големи инвестици, па би запрашал сега, бидејќи овде се и другарите од Прилеп. Бидејќи Осломеј даде огромни средства за тој водовод за што зема кредити а кои кредити ги плаќа Осломеј, а сеуште другарите до Прилеп немаат платено за водата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, да се сконцентрираме на она што се договоривме овде да се разгледува.

Беше покренато прашањето како прашање дека во Прилеп нема вода и тоа денес. Инаку кој што рекол во август, септември или октомври, кој каде отишол итн., тоа е друга тема иако треба и тоа ќе го расправаме, меѓутоа,вода нема,така беше овде речено и како акутен проблем беше поставено овде на дневен ред.

Господата од Извршниот совет на нас ни рекоа дека они настојуваат да се спроведе и продолжено е спроведувањето на водостопанската дозвола во оние размери како што она содржи. Тоа е обезбедено.

Во процес на формирање е јавното претпријатие кое ќе го обедини целиот интерес односно тек на регионалниот водовод и во тек се активностите за утврдување и испитување на можноста за вклучување на додатни извори. Тоа се три работи, за кои сме овде известени.

Што можеме уште да кажеме. Треба да видиме, додека јавното претпријатие не почне да функционира, дали Извршниот совет има начин да ја синхронизира активноста на комуналните претпријатија со овие служби кои ја спроведуваат водостопанската дозвола, треба да се обезбеди да не пуштаат вода таму по двориштата за други цели, во Кичево или не знам каде, да се испратат инспекции тоа да го контролираат. Да има вода на располгагање на граѓаните во рамките на водостоапнската дозвола која е сега на сила и количини кои се на располагање. Инаку ако се вплеткаме во сите оние односи кои овде ја изабавуваат и иритираат јавноста во Македонија, ние како Собрание на тоа не можеме да му ставиме крај, како што тоа не можеа ни претхдоните, туку на почетокот на нашата работа ќе добиеме такви негативни поени што постојано расправаме за некон различни гледишта, а не сме во состојба да донесеме една цврста одлука што ке важи

за денес и да видиме што денес треба таму да работиме.
Еве со оваа напомена можеме да продолжиме со расправата, меѓутоа и да ја приведеме кон крај,ако може.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Ваква расправа не води кон решавање на овој проблем. Овде многу жолчна е излеана, многу кавги, многу завада е направена, многу политика е внесена. Ние како Парламент треба да заклучиме дека овој проблем во никој случај не смее да се политизира, не смее да биде присутна политика.

Второ, на овој проблем треба да му дадеме економски карактер, да го решаваме низ економски принципи, низ пазарно стопанисување. Јас мислам дека многу брзо таму треба да се направи едно јавно или мешовито претпријатие, или приватно претпријатие, кое ќе стопанисува со изворите, со главните водови на водата до прикулувањето на градовите и тука да постојат мерни инструменти, водата да ја продава на комуналните претпријатија на градовите и потрошувачите. Јас тврдам денес овде дека за сите вода ќе има. Таму има многу нечесни работи, многу мангуплаци, многу игри. Вода се троши многу повеќе отколку што треба, вода тече во неповрат. Овде имавме малку можност да слушнеме дека чешмите се отворени, а колку неисправни инсталации и неисправни мрежи во градот, колку вода се губи на тој начин, но ако оваа организација на градот на таа организација продава вода, таа веднаш ќе види дека некаде водата се губи, дека таа не ги собира приходите и ќе презема енергични мерки на економски основи и принципи прашањето да го реши. Само во тој правец треба да се решаваат проблемите, проблемот да го пренесеме таму каде што е местото, таму во правниот систем и таму каде што навистина се преземаат многу квалитетни мерки за разрешување на тој проблем. Би предложил по тоа прашање да ја завршиме оваа дискусија.

ФАИК АБДИ:

Како да се наоѓаме во Сахара, како да живееме таму во пустина, како да нема никаде вода, како да има една оаза и на другите племиња таму не им даваме вода, нека трпат. Минатата година јас се вратив од Австралија,а познато е дека и таму има еден дел каде што нема вода, меѓутоа, многу добро си го решиле прашањето со водата. Секој ден најмалку 5 пати на телевизија се вели - потрошете ја водата - штедете ја колку што можете повеќе. Кај нас е изгледа обратното - пуштај вода колку што може. Зарем не е грев за тие дечиња во Прилеп и други градови. Толку душмани ли станавме, нека прокопсаат таму, нема да им дадеме вода! Зарем не може братски да се дели, каде е хуманоста наша? Не сме хумани воопшто. Вода е во прашање, луѓе. Јас мислам не треба да се моли Извршниот совет за да заврши некоја работа, туку Извршниот совет треба да пресече и да ја заврши работата без да праша никого. Што е, да се вратиме на некое самоуправување? Да се договориме со граѓаните да направат не знам што? Луѓе, да не се надмудруваме, зарем може без вода?
Добро е што пратеникот од Кичево зборуваше за одредени загуби

за Електростопанството во Кичево, дека не беа во прашање пари, туку штрајкови за работа итн. Како да другите што штрајкуваат не бараат работа, туку само пари. Значи, многу поволна е состојбата на електростопанството во земјата, во Југославија, во Македонија и во Кичево,добри лични доходи земаат, што ме радува.

Камо среќа сите работни организации да ја имаат таа состојба да не зависат многу, да штрајкуваат за нешто друго, а не за личен доход, не за леб, туку за нешто друго околу лебот. Нека биде една поука за сите нас овде дека Извршниот совет при вакви ситуации не смее да дозволи драматизација на одредени состојби и да создава политички проблеми. Тоа што е направено минатата година е политички проблем. Впрочем вчера, односно денес со самото поставување на прашање и добивање одговор, јас како пратеник верувам на она што е дадено како податок дека има толку литри во секунда вода. Тоа значи дека таму има вода и да не драматизираме, да не создаваме политички проблеми и да не се срамиме пред јавноста. Извршниот совет не треба да го молиме, тоа е негова задача и треба да се заврши работата, да имаат граѓаните вода. Ако треба братски ќе ја делиме секој ден по една чаша вода, болниците, училиштата итн., хотелите каде што има смрдеа, што е срамота.

СИМОН НАУМОВСИ:

Се извинувам што повторно ќе земам две минути збор. Несватливо ми е малку, не знам, можеби и јас не сум во право, но да имаме едно можно практично решение во рака, можеби и сто посто не е тоа решение, но имајки ги предвид минатогодишните и предминатогодишнтие случаи и периодот кој ни претстои кога секако ке нема вода, не можам да сватам зошто се одвлекува решавањето на прашањето со техничката документација, со финансиката конструкција, со пристапот на решавњето на рпобалемот, со вклучување на изворот во Студенчица. Зошто да не бидеме практични во решавањето на овој проблем. Други решенија да се реши проблемот воопшто нема. Ако има , нека стане некој нека каже. Ајдете да бидеме поефикасни, ако не бидеме, тогаш сметајте дека доаѓа лето каде што ќе има масовни појави на штрајкувања, доаѓање пред Собрание, тормозење на политичари итн. Дајте да тргнеме практичен потег.

ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:

Од вчера кога ја почнавме седницата, наместо два дена, треба да потрошиме три дена. Треба да имаме малку осет во себеси, едно чувство за тоа колку и што дискутираме. Не може на оваа говорница секој да кажува приказни и едните исти работи да повторуваме. Јас мислам дека пред нашиот народ треба да имаме одговорност за потрошеното време. Ако за 2 дена се потроши извесен износ пари за две седници, вчерашната седница фактички ја продолживме и денес, тоа значи дека три дена ние ќе заседаваме, а тоа се пари кои треба да произлезат од работниот човек и го молам претседателот на крајот од оваа седница или утре ако може Стручнтие служби да кажат колку

чини една седница. Исто така, сметам дека претседателот треба да поведе малку сметка околу едни исти дискутанти што дискутираат. Цело време дискутираат, а ништо не кажуваат, имаат дискусија заради дискусија. Овде има одредени прашња за кои сите ние не сме сттручни, меѓутоа, од таа област тој човек што е стручен пратеник ќе каже извесен предлог, можеби и мала дискусија, но сепак треба да има една мера. Јас мислам дека еднаш треба да се научиме на поинаков ред и дисциплина во дискутирањето. Еден дискутант кој не мора да го именувам точно евидентирав дека половина час вчера ни одзеде, денес повторно се јавува ,а некој трет пат се јавува, само да собира некакви поени и да ја подгрева атмосферата во овој Парламент. Треба да бидеме свесни дека ние не сме заради нас овде, ние сме за донесување на паметни одлуки и решенија и да не се повторуваме себе си за да не станеме банални, не само за нас присутните, туку и за јавноста.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

Ќе бидам кратка во врска со овој случај. Бидејќи овој Извршен совет и покрај сите напори, овој проблем да го реши, покажа дека е немоќен да го реши овој случај, предлагам овој проблем да се реши кога ке се оформи новата влада. Во техничките проблеми не би навлегувала затоа што би се отворила нова полемика и само би се продолжила дискусијата. Со актуелизирањето на овој проблем и за задолжувањето на овој Извршен совет, да ги реши проблемите автоматски им се дава обврска и понатаму да делуваат и да донесуваат само промашени решенија.

ДУШАН НИКОЛОВСКИ:

Другар претседателе, пратеници и делегати, очигледно дека овој комунален проблем доби голема политичка димензија.
Зедов слобода да кажам неколку реченици, бидејки овде е вметнат и проектот "Злетовица", а јас како претседател на Координациониот одбор генезата на правењето на ваквите проблеми што доаѓаат до Парламентот е многу поголема. Зошто? Затоа што решавањето на сите тие проблеми почнува од општините и добива кулминација преку пратениците да се решаваат овде. Бидејќи сум учесник во креирањето на идејата како да се надмине овој комунален проблем мислам дека решенијата што ги предлага Извршниот совет, а Собранието ги прифаќа тоа се во основа 3: формирање на јавно претпријатие со сите ингеренции кои треба јавното претпријатие да ги решава н а просторот на општините; второ, евентуално, донесување закон за обезбедување на извори на финансирање за долгорочно решавање на стратегијата на снабдувањето, бидејќи поинаков и друг приод не може да има. А под кои основи и како ќе стопанисува тоа претпријатие начинот на технологијата, обезбедувањето на средствата, техничките решенија итн. се работа на интересите на граѓаните како да се решава тоа прашање преку стручни организации и институции. Верувајте дека решавањето на прашањето на водата ниеден човек не може да биде експерт и стручно д а го реши. Тао е многу комплексно и сложено прашање.

Сугерирам, имајќи предвид дека практично е најдено решение, сега

дали оваа влада треба да се вклучува во оперативното решение, таа ќе се вклучи толку колку што може. Повеќе од тие права и овластувања што ќе ги има јавното претпријатие и сето она што можеше досега да се направи, ниту може да се направи друга отстапка, ниту би требало. Ако сега се обидеме, ќе се јават и другите општини и третите општини да го растураме овој концепт. Затоа се јавив, затоа што тој проблем е присутен и во делот на системот Хидрозлетовица вклучувајќи се во системот "Оризарска река".
Предлагам бидејќи сето тоа е верифицирано и договорено, тоа се правите целесообразни решенија, а другиот дел да се пренесе таму каде што е проблемот. Ова што го постави пратеникот од Прилеп јас го разбрав дека денес нема вода.

Ако е тоа така, тоа бара согласно сето тоа што е донесено да се испрати инспекција, да изврши контрола, да не информираат нас и да кажеме дека долгорочните решенија се во ред, што се предложени од страна на Владата, што ги верифицирал и органот пред нас и сметаме дека со тоа стратегијата на решавањето на Студенчица и Злетовска Река како такви се поставени и решени, и оперативно не сме задоволни од активноста, оперативно викаме инспекциски органи да си ја вршат својата работа.

Би завршил, ако го поставиме вака проблемот, без респект на многубројните студии кои ги имат работено експертите, што тука не се каже сега - многу луѓе што се присутни овде, гледам, проф.Токарев кој многу долго работеше на овој проблем, јас сум сигурен во секој наврат, на секоја седница ќе влеземе во водите што едно време го критикувавме овој Извршен совет и велевме доста со таа Студенчица, дајте еден стопански проблем, дајте една програма од областа на развојот,
како и воа што Љупчо го поставуваше итн. Затоа, моето залагање го има во двата система, а од призма на заштита на јавното претпријатие тоа да си ги преземе ингеренциите согласно овластувањата кои се пренесени од Извршниот совет, односно Парламентот, односно претходното собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

По секое актуелно прашање сите имате визија, тие се вкрстуваат, затоа јас сум должен на секого да му дадам збор. Тоа е демократија, тоа е во суштината на демократијата. Меѓутоа, демократија е и да се држите на точката од дневниот ред и за околностите во која сме ја ставиле на дневен ред.
Станува збор за тоа дека овие денови нема вода и луѓето предлагаат неколку заклучоци да донесеме. Ако не работиме така, дефектите не може да ги исправа претседателот на Собранието, затоа што јас никогаш не можам да предвидам кој зошто дошол на говорница и колку опширно ќе зборува. Затоа,придржувајте се за тоа. Вчера не се придржувавте кога се поставуваа прашања, сакате експозеа да имате во врска со прашањата што ги поставувате. Тоа не е во ред, исто така и пратеници од ВМРО ДПМНЕ, СКМ ПДП, СРСМ, независните кандидати итн. Ако се држиме до парламентарниот ред, а ред е да се држиме, тогаш ќе можеме сите да кажеме што мислиме по прашањето што е на дневен ред

и да донесеме некоја одлука. Инаку, еден на друг си ги одземаме правата, само тоа правиме. Затоа уште еднаш да ги повикаме господата од Извршниот совет, проф.Токарев да ни предложи што денес може да се направи за подобрување на состојбата.

АНДРЕЈ ТОКАРЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сметавме дека можеби не на првата седница веќе ќе имаме таков проблем за решавање, бидејќи проблемот е во тек на решавање. Вистина е дека во овие три месеци треба да се спроведат сите мерки, односно до 31.3..треба да се спроведат сите мерки, односно заклучоци кои ги усвои Собранието на СРМ. Цениме и во Извршниот совет и лично дека со нивното спроведување проблемот трајно ке се надминува, бидејќи постојат мерки и заклучоци на Собранието кои се однесуваат на краткорочно решавање односн за краткорочен период, но и за долгорочен период. Да не ги повторувам оние кои ги изнесе Републичкиот секретар за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тие беа цитирани, а вам ви се познати и од средствата за јавно информирање, а на некои делегати од поранешниот состав на Собранието какви се мерки и заклучоци се донесоа.
Моменталната ситуација не е таква да загрижува. Ние имавме во текот на оној жежок период и во дискусии на Собранието, а и во летниот период издашност далеку помала од оваа, а тоа беше 380 л/сек вода на извориштето и обезбедувавме вода на извесен начин да се задоволат основните потреби на граѓаните од 4-те општини. Ве молам, сега имаме над 550, односно 570 л/сек вода. При оваа распределба во моментот како сме информирани Прилеп на Барбарос добива околу 200 л/сек вода до сопствените извори од 60 л/сек. тој може да обезбеди за 75 илјади население вода, кое се снабдува од овој градски систем 315 литри по човек на ден. Ве молам, нема норма во светот која вели, особено во овој зимски период дека треба 315 литри вода на ден да се трошат по човек. Нашите долгорочни норми до 2000-та година предвидуваат една оптимална количина од околу 250 литри по жител на ден. Каде треба сега да ги бараме причините. Причините се веројатно во рационалното користење од секој граѓанин, од рационалното управување со системот на локалната мрежа, градската мрежа, од стопанската организација, односно комуналната организација во Прилеп. Од Кичево имаме телекс кој потврдува вака: сега има 157 литри вода на располагање. Оваа количина вода за овие 25 илјади жители, колку се сега приклучени на водоводот во Кичево имаат ни помалку ни повеќе, туку околу 500 литри. Ве молам, ако вака постојано поставуваме проблеми, Извршниот совет треба да то реши прашањето и да обезбеди онолку вода колку ни е кеф да потрошиме, мислам дека таа проблемот не можеме да го решиме ни за 50 години.

АНДРЕЈ ТОКАРЕВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Видете, во таа смисла не се согласувам со извесна изјава на другарката пратеник која вели дека Извршниот совет со овие мерки не може да го реши проблемот и треба да оставиме на наредната влада. Проблемот ќе биде решаван се додека ингеренциите на оваа

влада се на снага. Мислам дека ние ќе го решиме и не само Студенчица ние направивме долгорочна студија за водоснабдување на Републиката која вие како пратеници ќе имате прилика да ја погледате до 2025 година, за да не ја политизираме водата односно да не ја разводнуваме политиката со водата.
Ете, во таа смисла ке имате прилика и сами да се уверите дека долгорочно се работеше на таква студија, а оперативно дозволете ми мислам дека со овие мерки трајно ке се надмине проблемот на Студенчица. Доколку тој не прими одредени политички димензии кои не ни се потребни во овој парламент да бидат присутни.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Господа пратеници, ова што претходно ни беше кажано дека вода има постојано се тврдеше и летово се тврдеше дека има вода но и ние во Кичево и Прилеп јас мислам дека сме сити од тоа дека има вода. Вие треба да знаете можеби не сте во тек, ние кои сме во тек знаеме. Вода нема, вода треба да се набави и уште веднаш треба да се отпочне со изработување на тие проекти кои треба да се направат, а ако треба и дене и ноќе да се работи и да се приклучи Питронот и бунарите кои треба да се ископаат во Прилеп. Инаку, попусто укажуваме и цело време кажуваме дека има вода, меѓутоа, вода нема.

Водата ја делиме помеѓу Кичево, Прилеп, Македонски Брод и Крушево. Ја делиме така што не можеме да велиме стално дека има вода. Испитувањата се други, а гледањето на лице место е друго. Затоа да не се залажуваме дека има вода, вода нема.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали можам пак да ги повторам предлозите на заклучување? (може)

Прво, се задолжува повторно Извршниот совет да обезбеди редовно спроведување на водостопанската дозвола која е на сила додека не се издаде нова.

Второ, да ги забрза подготовките за формирање на јавното претпријатие и да се забрзаат сите процеси за што поскоро да си ја преземе таа функција која ја има и

Трето, да ги забрза подготовките и другите активности за обезбедуваше дополнителни извори на вода за овој водовод, за поцелосно решавање.

Тоа еднаш го предложив.

Ве молам, дали сега има некоја забелешка на тие заклкучоци? (нема).

Заклучоците ги ставам на гласање.

Молам, кој е за заклучоците, да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има против? (нема)

Дали некој е воздржан? (никој)

Само да ве потсетам дека ова можевме да го заклучиме пред еден час.

Со ова ја завршивме расправата и заклучувањето по оваа точка.

Да се вратиме на текстот што ви е поделен на ова обраќање до Народното Собрание на Република Србија.

Ве молам само една напомена, адресата до која се обраќаме треба да биде Народната Скупштина на Република Србија, бидејќи таа така се вика и ним нема да им биде драго ако ја прогласиме Скупштината како Собрание како што и нам нема да ни е драго ако Собранието е Скупштина. Ние мора да имаме почитување према другите ако сакаме да не почитуваат и нас.

Дали има забелешка на текстот (нема)

Текстот го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака. (пратениците креваат рака)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Констатирам дека текстот е усвоен од Собранието.

**Минуваме на точката 8**

Ве молам господин Ханџиски по која точка?

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Го молам господинот претседател за разбирање и господата пратеници. Не се двоумев да го нарушам дневниот ред, а повеќе пати се преиспитував и сепак си го зедов правото да го нарушам дневниот ред,

Синојка гледачите на талевизиската програма ширум Македонија гледаа повеќе десетици минути емисија која фрли сосема нова светлина на некои собития во нашите северни републики. Во името на бројните родители заради тоа што сум информиран дека најмногу

млади поколенија - војничиња од Македонија го служат воениот рок во северните републики, ние сме должни во Парламентот да се осврнеме на тоа што вчера го видовме во телевизиската емисија.

Збор зедов и си го зедов правото да го нарушам дневниот ред, заради тоа што сум информиран дека господин Тупурковски поради други обврски ќе мора по кратко време да ја напушти седницата. Сакам да го искористиме неговото присуство во името на целата македонска јавност да слушнеме нешто повеќе за тоа што се случува во тие наши северни републики, што се случува во Претседателството и да дадеме барем една трошка мир на сите тие што можеби немирно спиеа или воопшто не ја преспаа минатата ноќ.

Благодарам за разбирањето, уште еднаш се извинувам што морав да го нарушам дневниот ред.

(дискусијата беше проследена со аплауз)

ФЕРИД САДИКУ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Во име на парламентарната група од ПДП-НДП го информирам Собранието дека за денеска закажаната конститутивна седница во општината Гостивар нема никакви услови да продолжи да се одржува поради тоа што група граѓани од македонската националност се влезени во Собранието и не им дозволуваат на легално избраните одборници да настават со конституирањето.

Се поставува прашањето што ако вчера беше нелегално односно

завчера на 23 јануари конституирано нелегално Собракието на Тетово што ќе кажеме сега кое не е ни започнато и колку страници информација ќе запише Извршниот совет.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ова последното ова можеше да се случи да не сме на седница и во градовите и општините ќе има напнати ситуации тоа е, надлежност на Извршниот совет и тие нека си ја вршат работата, а нас ќе не информираат, ние не можеме да разгледуваме вака ад хок Ситуации, јас ве молам тоа да го имате предвид.
Прашањето е адресирано на господинот Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитувано претседателство, почлитувани пратеници. Јас би замолил нешто друго. Вчера не бев на седницата, бев континуирано во телефонска врска и дури битно влијаев на начинот на кој што заврши таа седница, а подоцна ќе објаснам попрецизно, па ќе можете и сами да процените да не се свати ова како некоја претенциозна изјава, комплетно ке ве информирам но ми треба малку време да извршам уште некои консултации за да соберам и додатни информации затоа што бев отсутен заради значењето на вчерашната седница на ова Собрание, во врска со прогласувањето на Декларацијата на што му дадов апсолутна предност. Меѓутоа, велам потполно во тек, учествував во работата и сметам дека сум бил присутен и така е соопштено од Претседателството дека одлуката на крајот е едногласна. Ситуацијата е драматична, нашиот пријател Ханџиски потполно во право што ова го покренува и ако дозволите едно извесно време откако би продолжила работата на Собранието јас целосно би ве информирал.

СТОЈАН АНДОВ:

Во текот на седницата или на крајот како ќе тече седницата
**Минуваме на 8-та точка од дневниот ред** - Предлог на
одлука за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција.
Предлогот на одлуката ви е доставен Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Само едно кратко прашање, па потоа би задржал право на дискусија.
Молам, претставникот од Комисијата да ми каже на кои трошоци се мисли. Мислам вака обопштени трошоци се многу широк поим па ме интересира конкретно на кои трошоци се мисли односно на кој надоместок.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Истото прашање си го поставивме и на Комисијата, бидејки на Комисијата сме нови пратеници, не сме имале претходно искуство на делегати. Меѓутоа, во согласност и со помош на стручната служба и некако скратено ги нарековме кафе-трошоци. Тие се во висина

процентуално исто како претходните трошоци за паушал во висина од четири дневници кои тековно према дневницата секој месец се зголемуваат. Не отидовме на ново зголемување иако се симболично мали, бидејќи ова Собрание е доста финансиски оптоварено, може секој да остварува личен доход и слично иако сојузните пратеници имаат во висина на 8 дневници, се консултиравме со Белград, сметам дека е ова прифатливо во рамките на стабилизацијата и трошоците.
Тоа се ситни трошоци во контакт на евентуални избирачи или на терен, во таа смисла. Инаку овде се карекуваат трошоци за вршење на пратеничката функција, малку називот е крупен, а висината е ситна во моментот најмногу до 1000 динари.

СТОЈАН АНДОВ:
Дали има други прашања?

РИСТО СТАНКОВСКИ:
Го прифаќам ова образложение, тоа е во ред, меѓутоа, сакав да напомнам нешто друго. Како пратеници, мислам дека е проблемот кај сите, а треба да бидеме реални и да го истакнеме како проблем. Мене лично проблем ми е патувањето. Оваа варијанта која е предложена сега да патуваме со автобус, воз или слично не одговара. За мене лично имам 3,5 часа пат до тука со автобус и 3,5 назад тоа се 7 часа. Планирајте, размислете во еден ден ако седниците ни траат по 10 часа колку ќе бидеме способни за тие седници, а знам дека има пратеници кои доагаат од подалеку. Тие што се од Скопје не го чувствуваат тој проблем па и тие што се од поблиските места. Меѓутоа ние од подалеку мислам дека околу овој проблем треба да се најде соодветно решение. Не би предлагал ништо, меѓутоа треба оваа Комисија или некоја друга да најде начин да се реши тој проблем. Бидејки вака како што е сега решен ќе имаме проблем и со доаѓањето на седниците поготово некој пат се закажуваат под итно, а еден момент што е присутен кај сите и сите го користиме мислам дека не треба да го правиме. Доаѓаме со службени возила, не е кај сите но кај повеќето од нашите организации. Не ни служи на чест да земаме коли од организациите каде сме вработени, тоа сигурно некој утре ке ни префрли за таа работа. За финансирање на оваа наша работа овде мислам дека треба да се грижи Собранието а не организациите од каде доаѓаме.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:
Прво, овие дискусии и предлози не спаѓаат во точката на дневниот ред, меѓутоа дел од дискусијата е опфатен со Законот на личните доходи на пратениците и функционерите. Се знае за превозот, сите пратеници имаат легитимација, начинот на доаѓање и враќање требало секој уште во кандидатурата да го има предвид а секое напуштање од работната организација односно секое отсуствување во врска со седниците и присуство на работните тела на Собранието, Собранието е должно, во бруто износ да го плати на работната организација доколку се достават трошоци во висина за отсуството на пратеникот. Еден дел е должно ова собрание, а превозот тоа е друго прашање. Јас мислам

дека е сега паушалот на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има други прашања? (нема)

Ако нема, тогаш да заклучиме.

Предлогот на господин Станковски да се упати до Комисијата за избори и именувања, да се разгледа и да се види како може да се постапи, во која постапка да се решава, ако нема други прашања и никој не бара збор, го заклучувам претресот по оваа одлука.

Предлог-одлуката ја ставам на гласање?

Молам, кој е за, нека крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има против? (нема)

Дали има воздржан? (нема)

Конастатирам дека за Предлогот на одлуката гласаа сите пратеници, според овие резултати од гласањето, објавувам дека Собранието ја донесе одлуката за висината на надоместокот на месечниот надомест за вршење на пратеничката функција.

**Минуваме на 9-тата точка од дневниот ред** - Избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Социјалистичка Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото.

Има збор Никола Крстевски, претседател на Комисијата.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Во однос на претходниот дискутант не беше јасен во вториот дел, па да се надоврзам па потоа во однос на другата точка.

Прво, тој бара разрешување на трошоците за доаѓање и враќање од седницата, а не предлага форма и начин на разрешување.

Меѓутоа, законот, дава можност 30% од цената на бензинот, но тоа претпоставува однапред давање на налог за таков начин на користење во таа смисла.......

СТОЈАН АНДОВ:

Таа точка ја завршивме.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Ја завршивме, но да предложи во писмена форма, па потоа ке се разгледа од Комисијата. Во таа смисла.

СТОЈАН АНДОВ:

Вие во личен контакт тоа ќе го регулирате.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Не, во Собранието.

Во однос на оваа точка за избор на надворешни членови на Уставната комисија има во писмена форма доставено, се работи за 11 члена, тие практично беа на претходните седници на Уставната комисија вклучени во работата, во тој дел немам што да додадам бидејќи се во писмена форма дадени.

Дополнително по утврдувањето на бројот на надворешните членови од

11 и внатрешните пратенички места 18, добивме во писмена форма од седницата на Уставната комисија дека бројот на надворешните членови да се дополни со претставници од Универзитетот "Кирил и Методиј", МАНУ и Правниот факултет. Тоа барање беше доставено во писмена форма до Комисијата да се дополни бројот на надворешните членови по можност вкупниот број да се зголеми.
Со лична консултација во МАНУ по нивниот куќен ред го утврдија професорот Евгениј Димитров, како надворешен член на Уставната комисија.
Во контакт со Ректоратот на Универзитетот тие го предложија, тоа е нивно автономно право, д-р Владимир Митков, како надворешен член на Уставната комисија.
Во контакт со Правниот факултет, тој ни предложи тројца факултетски наставници и Комисијата со гласање се определи за профeсот д-р Денко Малевски и проф.д-р Светомир Шкариќ. Едниот изостана од овој предлог
Во однос на ова дополнување на составот на Уставната комисија во однос на надворешните членови од првобитно усвоениот број 1 сега со овие нови измени се зголемува бројот на 15 и се дополнува со уште четири научни работници од овие институции што ги наведов.
Тоа е како предлог.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ке кажам само едно, при избор на надворешните членови се зголемува да биде 15 наместо 11.
Прво предлог е да се симнат дополнителните тројца без да ги наведувам по име и презиме, а ако не се прифати таква солуција тоа е мое мислење професор Светозар Шкариќ да не биде земен како надворешен соработник, затоа што тој досега учествуваше во сите таканаречени мањкави устави и сметам дека и понатаму неговото присуство во создавање на оваа македонска уставност ќе биде штетно
Тоа е мое мислење.

ДИМИТРОВА РАТКА:

Јас би сакала да протестирам од процедурален карактер.
Ова не беше на дневен ред. Вчера се договоривме дека по оваа точка не е консултирано, треба да помине низ телата и потоа да се внесе во дневен ред. Тоа беше договор со претседателот и јас сум изненадена што на овој начин вака се поставува.
Ке зборуваме по тоа што е денеска на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, да појаснам. Ова е на дневен ред и така го утврдивме. После утврдувањето на дневниот ред госпоѓа Димитрова ми укажа дека нема писмени докази дека писмено е барано кој да биде од овие три институции и нема писмен одговор. Кажав дека тие факти ги проверува Комисијата и тоа треба да се пренесе на претседателот на Комисијата. Додека претседателот на Комисијата не завземе за тоа став јас не можам да кажам дека се недоволни доказите кои тој ги прибрал. Затоа, прво него го прозвав бидејќи мислев дека сте се договориле и бевте во разговср со претседателот на Комисијата. Вие не сте стапиле во

контакт. Во ред е. Затоа го прашувам претседателот на Комисијата приговорот е дека не сте
барале писмено од институциите и не сте добиле писмен одговор од институциите за предлозите.
Ако е заради тоа, координаторот на пратеничката група има приговор зошто на личен усмен контакт ги формулираме предлозите за што, во принцип е во право. Меѓутоа, тоа не е задача на претседателот на Собранието, туку на претседателот на Комисијата и на Комисијата. Затоа го молам да каже дали тоа тој го прифаќа, да се одложи точката бидејќи тоа е идејата на госпоѓа Димитрова, оваа точка да се одложи и за наредната седница да се обави постапката што треба да се обави.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Прво, укажувањата не ги прифаќам, во работни тела не спаѓаат се уште координаторите. Во перспектива треба тие да си заземат свое место во работата на Собранието. Во работни тела исклучиво претставуваат комисиите. Со други зборови се е вон комисиите што ќе се договори, треба да се информираат комисиите. Не постои обврска Комисијата да соработува со овие до сега утврдени акти со координаторот.

Друго, јас лично, бидејќи бев во контакт 48 часа, еден ден потрошив во обиколка на Академијата на науките во ректоратот и Правниот факултет. Вториот ден, по нивна консултација ги прибрав предлозите. Ниту ние имавме можност ниту тие во 48 часа, да даваме предлози или одговори во писмена форма. Дури не условуваа.Меѓутоа, за да не услужат, бидејќи ги повикуваме за соработка и тие по телефон се обратија. Ако ве интресира Евгениј Димитров е во болница го консултирале и рекол дека во рамки на сопствените здравствени можности ќе придонесе. Каде има време писмено да се обрака.

Разговарав со секретарот на Академијата, со Ксенте Богоев кој е на одделението и не знам каде има можност писмено или усмено. Имаме телефонски врски, телекси, телефакси. Има и други врски. Основен услов треба да биде според условите која форма ќе се примени, зависи од времето и рокот. Во случајот беше надлежно дискутирано од Комисијата за избори и именување. Меѓутоа, овде како дополнителен предлог доаѓаа. Е во состав на точката и треба да се произнесеме дали Комисијата утврдена во претходниот состав може да ги врши работите и без овие надворешни членови, надворешни соработници, а тоа вие пратениците треба да го договорите.

Во прилог на ова е фактот дека Комисијата за уставни прашања во постојниот состав без надворешните дополнителни членови донесе Декларација, донесе платформа. Можеби не е нејнеопходно, можеби укажувањето да се надополни е нерационално, се е во процедура најисправно. Дури и јас два дена сум потрошил независно и непокриени со средства.

СТОЈАН АНДОВ:

Комисијата за уставни прашања останува на своето барање да се прошири составот на стручните работници со одредени експерти од страна на Универзитетот, МАНУ и Правниот факултет. На тоа оста-

нуваме.

РАТКА ДИМИТРОВА:
Жалам; јас уште еднаш морам да протестирам заради флагрантно кршење на демократичноста на постапката. Не може да се закажува состанок на изборна комисија еден час пред седницата,да се даваат нови предлози за нови лица без било каква претходна консултација. Без писмени предлози. Воопшто јас не ја познавам до крај процедурата, но ова е крупна работа, се работи за Уставна комисија, се работи за членови кои треба нов устав да донесуваат.Ова е повеќепартиски плуралистички парламент. Таа работа не е толку итна што мора денеска да се прекрши преку колено. Бидејќи демократичноста воопшто на работата на нашиот парламент се поставува во прашање, јас молам оваа точка, бидејќи не е така ургентна да се одложи до наредната седница.

СТОЈАН АНДОВ:
Оваа оценка дека демократичноста воопшто во нашиот парламент се поставува во прашање не е образложена и не се наведени докази за тоа, А, дека претседателот на Комисијата за избори и именување во најдобра намера, со посебен труд се обиде да прибави валидни предлози овде, тоа е точно.

Меѓутоа, може секој пратеник и секој раководител да кажам координатор на пратеничка група да предложат по било која точка со одредени аргументи да биде симната од дневен ред и одложена за разгледување за наредната седница.

Според тоа ние сега имаме еден предлог. Оваа точка од причини што недоволно рано имало податок за тоа кои се предлозите да можат да се консултираат пратеничките групи, од причина што недоволно рано имале податок кои се предлозите да можат да се консултираат пратеничките групи и нивните членови да заземат став во работните тела, сега да се одложи.

Меѓутоа, не ги прифаќаме квалификациите дека претседателот или Комисијата за избори и именувања, нарочно нешто тука подготвувала да ја наруши демократичноста.
Дали можеме така да се договориме? (Можеме)
Предлог е оваа точка да се одложи за наредната работна седница.
Таков е предлогот да се одложи целата точка и предлогот го ставам на гласање.
Молам, кој е за нека крене рака?
(Некои делегати креваат рака а повеќето реагираат поради недоволно јасно формулираниот предлог и бараат да биде јасно формулиран.)
Има збор пратеникот Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Сепак мора да се одложи точката, бидејќи сум член и на Комисијата за избори и именувања и можам да ви кажам дека сепак, заради роковите, дали заради плурализмот и различниот состав и менталитетот наш како пратеници, нема ред во донесувањето на одлуките. Ниту деловнички ниту овие што значат кадровска тежина затоа што при донесувањето сите предлози се даваат усмено, без писмени образложенија, без биографии, без одредени показатели, што можат валидно да придонесат за една реална одлука.

Во конкретниот случај многу е битно од предлогот на Уставната комисија која бара да се прошири уставната комисија со надворешни членови од овие институции, сепак да донесеме одлука за проширување на бројот на членовите на Комисијата. Тоа е прво.

Второ, одлагањето сепак да биде на начин кој што госпоѓа Дикитрова бара, да се побара во писмена форма образложение за предлозите и од Правниот факултет и од Ректоратот и од МАНУ ,а барањето, исто така, да биде во писмена форма. Одговорот мора да биде од институциите што одлучуваат таму. Не може секретарот на Ректоратот да понуди кандидат за оваа функција. Или пак деканот самоиницијативно. Тоа треба или наставничкиот совет на правниот факултет или универзитетскиот совет или соодветниот орган во Академијата. Ако е тоа процедура тогаш критиката треба да си ја понесе и претседателот на Комисијата за избори и именувања.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не бара)
Видовте зошто го ставив на гласање предлогот на госпоѓа Димитрова оваа точка да се симне од дневен ред.

------------------------:

Јас се извинувам, ние имаме добиено материјал со членови. Тие членови работеле. Од нивниот труд усвоивме две работи, една декларација, една платформа. Дали тие членови не ги усвојуваме? Кажете точно. Значи, ние против тројцата дополнителни. Тоа треба да се каже.
(Аплауз).

СТОЈАН АНДОВ:

Никој не е против тројцата или четворица дополнителни.
И покрај аплаузот никој не е против нив. Мене ми беше објаснето, а кој е против, јас ќе ги ставам на гласање, па ќе видиме кој за кого е.

Мене ми беше објаснето, приговорот е што не добиле писмен предлог од институциите. А, тоа не е добиено за дополнителните предлози. Меѓутоа, бидејќи сакаме комплетен состав на Уставната комисија да утврдиме сега, можеби од Правниот факултет ќе добиеме тројца за кои тие сметаат дека неделиво треба да бидат таму. Тогаш можеме да се произнесуваме врз основа на пишан документ. Денеска ќе можеме дури и бројот да го утврдиме. Сега наеднаш има предлог еден да се брише или гласале во Комисијата од тројца двајца да бидат.

Можеби ќе излезе дека под тие услови и тие двајца не може да бидат. Ние не знаеме за тоа. Затоа треба да се добие напишан предлог односно да постои писмено барање и на тоа писмено барање да се добие писмен одговор. Затоа е овој предлог на госпоѓа Димитрова целата точка да се одложи.

РАТКА ДИМИТРОВА:

Нема да објаснувам. Имам само еден ваков предлог: Бидејќи имаме надворешни членови кои веќе работеле, мислам дека овие членови би било добро денеска тој состав што до сега работел да го утврдиме. Да се стави како предлог на гласање дали сме за тоа оваа комисија, со овие надворешни членови за кои сме веќе усогласени и работеле, денеска да потврдиме. А не сме против предлогот да биде проширена. Но, за тоа да расправаме на наредната седница. Предлог- денеска да ги усвоиме овие за кои сме усогласени.

НИКОЛА КРСТЕВСКИ:

Истото тоа, да расправаме за оние за кои имаме писмени одговори а за дополнителните не.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега е изменет предлогот на госпоѓа Димитрова. По новиот предлог треба да се одлучиме.

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Тогаш го заклучувам претресот по Предлогот на одлуката и го давам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Не) .

Дали е некој воздржан? (Не) .

Констатирам дека за Предлогот гласаа сите присутни пратеници и констатирам дека за членови на Комисијата за уставни прашања од редот на научните и стручни работници од областа на правото се избрани: Ѓорѓи Наумов, Пандил Костурски, Коле Мангов, Милош Симоновски, Димитар Мирчев, Гордана Сиљановска, Беќир Жута, Митхат Емини, Љубомир Фрчковски, Димитар Бајалџиев и Владо Поповски.

**Минуваме на точката 10** - Оценки и ставови на Сојузниот извршен совет на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија за состојбата во земјата и мерките за нејзино надминување.

Оценките на Сојузниот извршен совет ви се доставени.

Предлогот на мислењето ви е поделен

Отворам претрес.

Има збор господин Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

На страница 3 стои да се обезбеди функционирање на сојузните органи и пред Собранието на СФРЈ, Претседателството на СФРЈ и СИС во врска со тоа треба да продолжи мандатот на делегатите во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ.

Овој дел се избира од составот на Собранието односно од

составот на овој парламент. Сметам дека на делегирани луѓе. Овој парламент кој е демократски избран не може да им даде продолжување. Мој предлог е од редот на сегашните пратеници да се изберат 12 луѓе кои ќе бидат делегирани. Тие што се сега таму да се отповикаат односно по сила на закон, затоа што Собранието како повеќедомско престанува на 8 јануари оваа година. Ова практично е и законска одредба и обврска на ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:
Има збор пратеникот Душан Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:
Оценките и ставовите на СИС во врска со состојбата во Југославија и мерките за надминување на истите ни беа доставени со материјалот. Ставовите и мислењата на СИС од 27 декември 1990 година што беа во Сојузното собрание, истиот беше доставен до собранијата на републиките и автономните покраини. Го добивме и мислењето пред три дена на Републичкиот извршен совет во врска со оценките и мислењата, а исто така вчера го дсбивме во вид на заклучок и Предлогот на Собранието.

Мислам дека овие оценки и ставови поготово такстативно наброени до 11, недостасува уште една која што би требало да ја усвоиме, а и е нешто во тесна врска со Предлогот на Извршниот совет на Собранието на СРМ.Од оценките неколку би набројал. Да дојде до кулминација на економско-политичката и уставно-правната криза во Југославија.

Второ, во странство Југославија ја гледаат како една од најопасните жаришта во Европа, а постојат и оценки дека таа веќе е на работ на целосна дезинтеграција. Меѓутоа, повеќепартиските избори во републиките созреаа условите за нов политички договор за идните односи во Југославија. Понатаму се наведуваат да биде тој период стабилен што е потребен за договор за тој минимум да бидат и ги набројува околу 11 свои предлози. Тоа се конвертабилност на динарот, како единствена југословенска валута, непречено одвивање на платниот промет во Југославија и странство итн. Мислам дека тука недостасува , а и е од непобитна важност за нашата Република , имено се состои во следното. Извршувањето на утврдените обврски на федерацијата спрема СРМ во однос на фондот на неразвиените републики, како и спрема другите обврски чиј целокупен износ во 1390 година и спрема СР Македонија изнесува околу 4 милијардн динари да се исполнат што е можно во најкраток рок. Исто така се придружувам спрема мнението на Извршниот совет на СРМ од 17 јануари 1991 година чие мислење е упатено и до нас пратениците каде се вели. Тој износ да биде валоризиран кон штетата на СР Македонија по неизмирувањето на обврските за 1990 година. Ова го велам од причина што економската состојба во Републиката е мошне тешка. Имаме околу 150 иљади невработени, кога на тоа ќе се надодаде и толкав број на вработени кои не примаат редовно месечен личен доход, просекот на личниот доход во Републиката изнесува 3.800 динари и е најнизок во Југославија. Дел од вработените се праќаат на принуден годишен одмор поради намалување на работата во работните организации. И од исти причини се затвораат поедини погони се испуштаат вработените до

работа или се наоѓаат извесни работни организации под стечајна постапка, а сето тоа води кон политичка напнатост во Републиката, пратено со краткотрајни прекини на работа или што е уште позагрижувачко и штрајкови се секојдневна појава во нашата Република. Затоа овие средства од 4 милијарди динари што ги должи Федерацијата на нашата Република ќе доведат да се надминат делумно економските потешкоти во нашата Република. Барам ова да влезе во заклучокот на Собранието на СРМ, бидејќи крајниот рок за поднесување на истото беше до 25 јануари, не знам дали ќе има некои потешкотии во испраќањето на заклучокот односно ставовите на овој Парламент до Сојузното собрание односно до Извршниот совет.

БРАНКО АРСОВСКИ:

Јас не знам дали на право место ќе го поставам ова прашање меѓутоа, дојдов до заклучок дека треба да се јавам, посебно при . разгледувањето на овие ставови и оценки, а се работи на 10-та алинеја на страница 2 од глава II, се работи за донесување социјални програми и обезбедување нивна реализација.

Мислам дека ова прашање сигурно е прифатливо за СР Македонија од причини што ние како Македонија се наоѓаме во многу тешка материјална и социјална положба и најверојатно сега ова е прифатливо од тие причини, меѓутоа го поставувам прашањето: Дали ние на ниво На Републиката веќе подготвуваме една програма, односно социјална програма и како сметаме да ја реализираме, бидејќи самата програма е важна во смисла на тоа дека голем број на наши граѓани поради една или друга причина има можност да се најдат во социјална положба. Во тие рамки мислам дека ние како република мораме да бидеме спремни и да донесеме една таква социјална програма која ќе ги зафати сите категории на граѓани, а пред се оние кои се наоѓаат во најлоша материјална положба за радио обезбедување нивна егзистенција.

Од досегашната практика имам убедување дека некако доцниме во тие социјални програми и дека програмите до крај не се издржани во однос на критериумите, обимот, односно се она што треба да биде зафатено со таа социјална програма. Од нашето благовремено донесување на таа програма ќе зависи и разрешување на одредени социјални проблеми кои ќе се најдат во 19 91 година. Во таа смисла предлагам односно прашувам дали ние сме на пат во изготвување на една ваква социјална програма.

СТОЈАН АНДОВ:

Ова прашање ќе си го поставите кога ќе имаме пратенкчки прашања на идната седница. Ние да се држиме за ова што го имаме на дневен ред. На дневен ред е утврдување на мислење во врска со оценките и ставовите на Сојузниот извршен совет.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Имаме овде предлог да не се прифати да се продолжи мандатот. Колку мене ми е јасно тоа прашање, не станува збор за тоа да им се продолжи мандатот на конкретните лицаг туку на пратениците во тој собор, бидејќи изборниот период на тој собор измина веќе четири и пол години се таму, а им важи на сите до крајот на годината. Бидејќи извршивме повеќепартиски избори, ние по закон ќе ги замениме луѓето.

Нас не може да не задолжи Извршниот совет, нему му е сеедно кои се таму наши пратеници, но тие што ќе бидат пратеници да имаат продолжен мандат. Ние ќе им пратиме други, а бидејќи соборот работи после 15 мај 1990 година, кога му е истечен мандатот. Сега на овие треба да им се продолжи.

---------------------------:

Нема друг налог, не може да се даде, меѓутоа барањето е во врска со тоа треба да им се продолжи мандатот, па се пишува на делегатите. Со ова само сакам да кажам стие други републики каде се извршија овие избори овие делегати се заменија со пратеници, на тоа ние не треба да мижиме и да имаме некое друго сознание. Овде се бара продолжување само на рок траење на делегатите. Не сакаме да имаме пратеници, а да не застапуваат делегати. Ние го напуштивме делегатскиот систем сакаме со ова да го продолжиме на друг начин. Затоа сум категоричен ова да се каже децидно дека не може да им се продолжи мандатот на делегатите.

СТОЈАН АНДОВ:

Повторно да објасниме. Само еден елемент. Не се сите каде се извршени повеќепартиски избори заменети делегати. Словенците ги оставија истите Хрватите ги заменија. Ние имаме законска обврска да ги замениме и ке ги заменимв. Немојте да имате никаква брига за тоа . Тоа не е прашање кои они можат да ни го дадат како налог. Имаме сопствен закон и го спроведуваме. Ќе ги замениме делегатите, ќе испратиме пратеници таму. Тоа воопшто не е спорно и нема да зависи од тоа дали нам ќе ни го прифатат или нема да го прифатат во Сојузното собрание. Тоа е наша работа и ние тоа ќе го направиме. Затоа не би навлегувал во спорови со Сојузниот извршен совет ниту се тие мериторни за тоа. Ние си ги одлучуваме тие работи. Другиот предлог не ми е многу јасен еве во што.
Јас мислам дека е многу јасно тоа речено во последниот став на Мислењето на Извршниот совет.

ГЛИГОРИЕ ГОГОВСКИ:

Не е внесено во Мислењето на Собранието Мислењето на Извршниот совет.

СТОЈАН АНДОВ:

Да видиме во што е разликата. Последниот став од ова мислење што е предложено за Собранието го зафаќа целиот тој проблем. Мислам дека тоа е заедно со Вас припремено.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници
Во врска со согласноста за минимум функциите, Извршниот совет во своето мислење кажува дека е согласен со овие предлози кои ги дава Сојузниот извршен совет и на тоа додава дека прво е неопходно да се измират сите обврски према републиките и второто прашање е за недоволно развиените, системот за поттикнување на неодволно развиените

да продолжи да функционира во овој преоден период. Ние сега го добивме предлог-мислењето од Собранието би молел овие акти кога се даваат и Извршниот совет да ги има да може на време и соодветно да реагира.

СТОЈАН АНДОВ:

Во секој случај треба Извршниот совет и да соработува и да ги има актите. Погледајте ги двата последни става на Мислењето јас мислам тоа е од вас преземено, таму е нешто скратено, но точно е вашето мислење пренесено.

Предлагам пауза од 30 минути

(По паузата)

СТОЈАН АНДОВ:

Сега да се потрудиме да го утврдиме мислењето на Собранието по оценките и ставовите на Сојузниот извршен совет за состојбите во земјата и мерките за нивно надминување. Го имате текстот на Мислењето и се разјаснувавме за различните аспекти и други проблеми. Сега имаме еден предлог на дополнување меѓу последниот и претпоследниот став да внесеме дополнување "Собранието на Социјалистичка република Македонија инсистира да продолжи и да функционира системот за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини". тоа е во врска со дискусијата на еден од пратениците.

Мислам овде беше формулирано.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Мислам дека не стана збор околу фондот како таков и понатаму да постои, меѓутоа околу средствата што и се должат на Социјалистичка Република Македонија и во најбрз рок да бидат исплатени затоа што во една таква економска ситуација се наоѓаме и без тие четири милијарди динари навистина нашето стопанство како што се вели во печатот дека е во колапс и се наоѓа во една инфарктна состојба. Значи што побрзо враќање односно доставува ње на тие пари и во валоризирана вредност за 1990 година.

СТОЈАН АНДОВ:

Меѓутоа, прочитајте го вие мислењето и ќе видите дека тоа е зафатено. тоа постои во Мислењето.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Тоа е материјалот што сме го добиле како форма од Собранието. Јас дискутирам фактички тоа да биде опфатено.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е внесено во мислењето што го утврдуваме.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Тоа нас ни беше вчера доставено, а јас дискутирам по оваа точка од дневниот ред. Тоа мислење е подготвено пред да биде дискутирано на оваа седница. Јас мислам дека ние тоа мислење треба да го донесеме тогаш откога сите ќе издискутираме и дали така ќе го прифатиме или ќе го преиначиме, тоа е сосема друга работа. Јас велам овој заклучок да влезе во оваа форма.

СТОЈАН АНДОВ:

Актот што го утврдуваме е мислење. Може да биде тоа од вчера, може да биде тоа што овде ќе го утврдиме, но тоа е мислење, не е заклучок. Тој акт го утврдуваме ние. Мислење и донесување на заклучок дека се усвојува мислењето. Сега вие предлагате тоа што го кажавте сега да влезе во мислењето. Тоа го има во мислењето. Тој текст постои во мислењето. Оној текст што не постои јас мислев дека вие сакате да го проширите за понатаму, инаку тоа досега постои, тоа е внесено во мислењето. Тоа не е воопшто некој нов заклучок, туку тоа е овде содржано.

Дали се согласувате околу тоа? Се согласуваат.

Тогаш го имате текстот на Мислењето.

Молам, кој е за нека крене рака? Пратениците креваат рака.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека текстот на мислењето е усвоен и треба со телефакс итно да се достави до Сојузното собрание да биде присутно во разгледувањето.

Му давам збор на членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија Васил Тупурковски.

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас во меѓувреме обавив уште неколку разговори за да ги ажурирам информациите до крај за да можам најкомплетно да ве известам, иако дел од информациите веќе се присутни од синоќа и посебно од денеска во гласилата преку радиото и другите средства за информирање.

Вие знаете дека на 9 јануари Претседателството издаде наредба за разоружување на паравоените формации во земјата како еден начелен однос затоа што беше соочено со информации од надлежните сојузни органи пред се од Сојузниот секретаријат за народна одбрана и од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи дека со кршење на сојузните прописи односно сојузните закони на нелегален начин се внесува оружје во земјата, се формираат паравоени единици и на тој начин по флагрантен пат се загрозува законитоста, а за другите последици што можат да се категоризираат од политички до национални, меѓунационални и општествени секој е слободен сам да заклучува.

Претседателството во еден подолг период беше соочено и е соочено до ден денес како што сме ние сите како општество со појавата на

загрозена и еродирана законитост и уставност. Во сферата на одбраната во сферата на вршењето на работите од овој контекст посебно е тоа нагласено во односите помеѓу сојузните органи заради специфичните надлежности, во сферата на одбраната и републиките односно републичките органи. Вам ви е позната ситуацијата што се создаде на релација помеѓу Сојузниот секретаријат за народна одбрана, а потоа Претседателството и Сојузниот извршен совет и Република Словенија во врска со прашањата на територијалната одбрана и служењето на воениот рок во определувањето на квотите за контингентите и нивното лоцирање спрема Сојузниот закон за вршење на воената обврска. Колку е тоа надминато и на каков начин, а при што идентични беа погледите на Претседателството на Југославија и Сојузниот извршен совет е големо прашање, меѓутоа, на некои компромиси дури да ги наречам, иако секогаш се трудевме да останеме и немавме друго право, да останеме во рамките на законските надлежности и некои померања позитивни во овој однос имаше. Едностраните акти на републиките го оставаат Претседателството постојано во една деликатна положба и јас ќе си земам слобода да оценам дека постојано се движиме меѓу определени алтернативи. На законитоста алтернатива му е хаосот. На договорот во Југославија, конфронтацијата му е алтернатива. На демократската разврска на проблемите и на создавањето на потенцијал низ демократски методи да ги разрешиме заедничките проблеми, алтернатива му е воената опција. и движејќи се на тој деликатен пат не треба да се убедува никого во ова Собрание таков бил ставот на членот на Претседателството од Македонија, па и какви се воопшто констелациите во земјата и вкупните расположби. Меѓутоа, тоа не звачи дека автоматски проблемите се надминуваат ако е такво генералното расположение. Соочени со необорлива евиденција и докази за флагрантно кршење на законите, Претседателството реагираше со Наредбата од една страна а од друга страна соочено со сознанијата и информациите од надлежните органи дека расте тензијата во Република Хрватска и на меѓунационален план каде што централно прашање мора да се каже до денеска е веке повеке време е прашањето на Книнската краина и на меѓунационалните односи во оваа Република на релација Хрватски - Српски народ со сите познати, и непознати и присутни релевантни индикатори, за тие односи. Јас бев инволвиран во една фаза на разрешувањето на тој проблем. Се побрза во нашава република, ќе ми извините за оваа дигресија да се оцени тоа како што се оцени. Единствена логика на тој ангажман беше прво надлежноста на Претседателството да презема мерки за да ги држи под контрола вкупните состојби во земјата што е уставна надлежност и не може никој да ја негира, а нема потреба дури и да сака нема потреба, мораат да се грижат органите во Југославија односно во републиките за тие вкупни односи но уште поважно дека што и да се случи, каде и да се случи во Југославија во оваа земја ако се нарушат меѓунационалните односи, ако дојде до употреба на сила ако дојде до употреба на оружје, не може никој благодарејќи на некоја физичка дистанца на двеста на триста, на петстотини километри да смета дека е сигурен. Разрешувањето на било кој меѓунационален проблем во Југославија со ангажирањето на било кого во конструктивна насока ги помага и го подобрува вкупниот

квалитет на меѓунационалните односи во Македонија односно во Југославија, исто така. И тоа е единствената логика за тој ангажман а јас велам дека Книнскиот случај е еден од централните што доведе до јакнење на тензијата во Хрватска, а потоа и на релација помеѓу Хрватска и Србија и во крајна линија до ова што сега се случува како односи помеѓу Република Хрватска, нејзините органи и органите на Федерацијата, односно Сојузните органи. Излезот од ситуацијата Претседателството го бараше во начелно третирање на проблемот низ тенденцијата да се дојде до разоружување, да се дојде до деблокада до воспоставување на комуникациите и до разговори за подобрување на вкупната положба на српскиот народ во Хрватска од една страна, а од друга страна низ целосно респектирање на законитоста во Република Хрватска, низ целосно респектирање на сувереноста и на правата на оваа наша Република со неприкосновено значење на фактот на легитимната власт на Хрватска. Тоа беше и мандатот и начинот на кој што и јас се сложив да учествувам во некои од активностите. Безбедноста на сите мораше да се гарантира и само затоа што толку се нарушени односите во Југославија немајќи можности да спојме неколку денови на политичка стабилност без тензија и без конфронтации помеѓу републиките. Она што го постигнавме како договор прифатлив за актерите и за страните во оваа конфликтна ситуација, не можеме да го понудиме на пошироката јавност. Јас сега сакам да кажам практично за прв пат дека тој договор опфаќаше три точки на симултано однесување на сите во таа конфликтна ситуација. Едната дека мора да дојде дојде до разоружување, враќање на оружјето одземено на противправен начин со узурпација на милициските станици, ќе се сетите што се случи и до деблокада на патиштата и комуникациите. Второ, дека симултано почнуваа разговори помеѓу претставници на српскиот народ и власта во Хрватска, без ословување кои се и што се туку едноставно по пат на политички реализам да започне тој дијалог, прифаќајќи ги фактичките состојби што се извонредно тешки.

Трето, дека Претседателството на Југославија го гарантира оној статус кво што ќе настанеше од моментот на изведените операции во врска со враќањето на оружјето и разоружувањето. Значи, дека не би можел никој да стекнува предност, а посебно не на планот на можен судир со употреба на оружје, само затоа што некој се разоружал, а некој тоа не го направил итн. Таа гаранција Претседателството можеше да ја даде. На ова му обраќам посебно внимание бидејки и на вчерашните разговори во Претседателството на Југославија на кои што учествуваше делегација на Република Хрватска во состав претседател на Претседателството,претседател на Саборот на Република Хрватска и претседателот на Владата на Република Хрватска е покренато прашањето на Книн и правото за слободата и сувереноста на Републиката да го разреши овој проблем онака како што мисли дека едноставно е рационално и неопходно. Меѓутоа, во поширокиот контекст во услови на подигната тензија, наоружани луѓе, наоружани цели слоеви на граѓанството и на општеството на начин и по пат кој што е далеку од било кое законито дејствување во услови кога и онака односите во земјата се крајно деликатни и загрозени и на меѓунационален план и како конфронтација помеѓу републиките и додатно во услови кога е

начнат еден процес на договори со првата рунда на 10 јануари, и е договорена одредена динамика, а неопходно е да се обезбеди континуитет на преговарачкиот процес Претседателството оценувајќи дека не е извршена наредбата, а во меѓувреме понатаму е влошена ситуацијата, соочено со необорлива документација која што во дел е прикажана и е за оценка на граѓаните. Дали е таа вистина необорлива, или не, во голем.дел не е ниту прикажана, но му беше предочена на Советот за заштита на Уставниот поредок и на Претседателството на Југославија, да ја донесе додатната мерка за реализирање на сопствената наредба, она што следеше по неизвршувањето во рокот кој што беше даден и продолжен по барање на хрватските власти, односно на претставниците на хрватската власт за да се реализира. Откако и по пролонгираниот рок не дојде до реализација на Наредбата, и до остварување на Наредбата, Претседателството ја свика вчерашната седница за да го дефинира и својот односот на југословенската народна армија како врховна команда. Вчера е договорено едногласно прво, комплетното претседателство без никаков исклучок, а второ, со претставниците на Република Хрватска кои што учествуваат во вториот дел на седницата, да се изврши разоружување на резервниот состав на милицијата како што го нарекува Хрватска и нејзините органи и тоа до 12 часот денеска. Тој процес по наши сознанија е скоро завршен, а има и други сознанија, јас не можев да ги проверувам. Второ, паралелно со ова дека до 12 часот денеска готовноста на југословенската народна армија што беше подигната на повисок степен, требаше и е спуштена на нормално мирнодобско ниво, а тоа е една значајна релаксација на оваа тензија како договор помеѓу претседателството на Југославија и Република Хрватска, односно најодговорните претставници на Република Хрватска. Понатаму што исто така е значајно, договорено е да продолжи постапката што како втора фаза на извршување на Наредбата ка Претседателството на Југославија беше предвидена и започната пред неколку дена со спроведување на Законот кога се работи за истражни дејствија спрема оние за кои што постојат индиции дека ги кршеле прописите во врска со наоружувањето односно внесувањето на оружје во Југославија. Неколку луѓе беа приведени од воените органи, бидејќи тоа е во надлежност на воените органи за сослушувања и за отворање на истражна постапка и тоа се случи без инциденти, значи немаше отпор при таа постапка. Меѓутоа, во крајно нараснатата тензија не постоеја гаранции дека тоа може да продолжи и така, а индициите се спрема повеќе граѓани на Република Хрватска, затоа е договорено вчера да продолжи истражната постапка во соработка помеѓу воените и правосудните органи и органите на прогон на Република Хрватска. Тоа исто така е значаен чин и така треба да се сфати бидејки сега се работи за соработка, додека до пред 24 часа се работеше за конфликти и за конфронтација...

ВАСИЛ ТУПУРКОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)
... Меѓу органите на ЈНА, надлежни на ова со Законот, предвидена надлежност и органите на Република Хрватска. Сега е тоа изменето и во еден пооперативен однос ќе продолжи нормално истражната постапка. Што ќе резултира од тоа, ќе кажат судовите. Законот тоа го предвидел, ние тежнееме, сакаме да бидеме правна држава и не можеме да суспендираме ничија одговорност, а Претседателството во наредбата предвиде дури до колку се врати оружјето и се извршат провизиите на наредбата дека нема да се преземаат дејствија што се предвидени со Законот за прогон. Меѓутоа, сега бидејќи тоа не се случи во тие 10 дена и продолжениот рок, нормално настапи време за спроведување на другите делови на наредбата.
На вчерашната седница исто така е договорено дека се отстранети низ детална анализа разликите за причините за настанатата ситуација. Значи детално претресената ситуација и нејзината анализа покажала помеѓу раководството на Хрватска и Претседателството на Југославија може да дојде до заеднички и објективно утврдени податоци и факти за настанатата ситуација и врз таа основа да се растовари таа ситуација. Тоа е сега во тек. А дека тоа е доволна основа да се заклучи повторно заедвички е прво, едногласно во Претседателството, што на некој начин значи републиките, на некој начин, не целосно, а од друга страна со Република Хрватска дека тоа понатаму го обезбедува преговарачкиот процес и дури може позитивно да влијае на понатамошниот тек на овој процес, иако е неизвесно од други потполно објективни околности и дали конечно во понеделник ќе се одржи втората рунда. Но, заради околности што немаат никаква врска со настанатата ситуација. За тоа во текот на утрешниот ден Претседателството ќе ја извести југословенската јавност и ако дојде до одлагање ке каже точно кога ке дојде до одржување на тој состанок.

Сакам неколку зборови да кажам, намерно ден во очи на вчерашната седница во ИГМ зборував за целиот воен комплекс на прашања и за оружјето. Сакам два збора од тоа да повторам, си ја земам слободата, не е составен дел на информацијата, но сметам дека имам таква одговорност спрема Собранието.
Не можам да разберам, да изградам било каква друга логика за набавка и за вооружувањето освен употреба на тоа оружје. Не можам да проценам што може да биде логика некоја друга рационална за да се купи оружје, да се вооружат дел од народот во Југославија, а притоа верувајте ми поттикнат меѓу останатото и од нашите витални интереси да се изразиме како суверена држава во ниеден момент не го ставив како второстепено прашањето на сувереност. Меѓутоа ние живееме во овие околности во кои што живееме, упатени сме на договор како да ја разрешиме нашата криза, решенијата мора да бидат радикални во разврската на таа криза, никаков статус кво не доаѓа во предвид. Тоа е потполно јасно. Нашата позиција ја зајакнавме на историски начин со чинот на донесувањето на Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Република Македонија вчера, но тоа не значи, и од никого овде не беше кажано дека не сме упатени на преговори, разговори и на договор како ќе ја расчистиме ситуацијата како ќе

отвориме некои перспективи за излегување од оваа криза, која што е општа и не опфаќа сите нас, никој не е поштеден од катастрофалните ефекти на еднодецениската криза во Југославија и пошироко.

Воениот фактор не го губи значењето ни во глобални ни во регионални, ниту во микро-услови. Микро да ги наречеме нашите југословенски. Тоа се покажува исто така на драматичен начин овие денови и запалувањето на фитилот на воениот фактор било каде може сето ова што го градиме ние како некоја визија за попросперитетна утрешнина да го депласира за многу долго време, значи за многу генерации консеквентно како би биле расплетите во врска со употребата на воена сила.

Поттикнат од тоа сакам да кажам дека треба да се отвори таа логика на оружјето во Југославија. Би го замолил Собранието дури и да размисли и се обрати на македонската и на југословенската јавност, со логиката на мирот, со логиката на разговорот и на преговорите и со логиката единствено возможна на демократска разврска на сите односи во оваа земја имајќи ги во предвид виталните интереси на Републиката, на македонскиот народ, на другите народи и народности што живеат во суверена држава Македонија.

Уште нешто сакам да го замолам ова Собрание. На некоја од наредните седници да ми овозможи да ви се обратам за состојбата во земјата и поглобално во меѓународните констелации, дури и со некои предлози кои што произлегуваат од комуникацијата со сонародниците, имајќи предвид што се случува во врска со македонското прашање, во врска со Македонија и како сето она што се случува околу Македонија во нашето заокружување, југословенско, балканско, соседско, европско и глобално се одразува и се рефлектира врз тие наши потенцијали како мое гледање на работите.

СТОЈАН АНДОВ: .

Ја ислушавме информацијата на членот на Претседателството на СФРЈ од Македонија., другарот Васил Тупурковски.

Да продолжиме со работа по дневниот ред.

**Минуваме на точката 11** - Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за гаранција на Федерацијата за обврзниците издадени во 1990 година заради санација на банките.

Нацртот на законот, мислењето на Извршниот совет по него, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Молам, кој е за предложениот заклучок да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема). Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека за Предлогот на заклучокот гласале сите присутни пратеници и Предлог-заклучокот е усвоен.

**Минуваме на точката 12** - Нацрт на закон за продолжување на важењето на дел од општествениот план на Југославија за периодот од 1986 до 1990 година и на одредбите од Законот со кои се утврдуваат средствата на фондот на Федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни пок-

раини.
Нацртот на законот, мислењето на Извршниот совет, како и Предлогот на заклучокот ви се доставени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека за Предлогот на заклучокот гласале сите присутни пратеници и заклучокот е усвоен.
**Минуваме на точката 13** - Нацрт на закон за измени и дополненија на Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покрани.
Нацртот на законот, Мислењето на Извршниот совет по него и Предлогот на заклучокот ви се доставени.
Отворам претрес.
Има збор Методија Тошевски, републички секретар за финансии.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:
Почитувано Претседателство, почитувани пратеници.
Во точката 2 од Заклучокот предлагам да се направи една измена за да ја одрази суштината на она што треба да биде во точка 2. Имено, дека треба да продолжи примената на постојниот закон за Народната банка на Југославија и Народната банка на Македонија, емисијата на пари после утврдување со Одлуката за кредитно-монетарна политика, утврдувањето на монетарните агрегати од страна на Сојузното собрание е да се остваруваат преку народните банки на републиките.
Во таа смисла предлагаме ставот во точка 2 да заврши после зборовите "да го информира Собранието на СРМ", а останатите зборови и согласно амандманот, до крајот да се бришат. Тоа би било во функција да во постапката на усогласување по овој закон се расчистат не само последиците од она што е направено врз кои се предлага овој закон, туку да се надминат и причините поради кои се прават. Во ситуација кога Делегацијата ќе информира за резултатите постигнати во тоа усогласување кои не произлегуваат само од обврските на СИС од овој закон, туку и во сите други акти кои го третираат прашањето на незаконито извршената емисија на пари и другите пробиви во монетарниот систем, Извршниот совет ќе му предложи на Собранието натамошен став по ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:
Молам, кој друг бара збор Има збор Џелил Таири.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:
Дами и господо, ценето Претседателство. Прво имам една генерална забелешка за сите материјали кои се доставени од страна на Извршниот совет. Тоа го кажувам од причина што сметам дека овој

Парламент не е машинерија за гласање. Конкретно, во Нацрт-законот, во член 1 пишува "по зборот "примена", запирката се заменува со точка а текстот до крајот се брише". Тоа значи, сите ние сме нови парламентарци а немаме никаква компарација и не знаеме ниту што се брише, ниту што се пишува.

Второ, мислам дека конкретно за Нацрт-законот за народната банка само е дадена дејноста на Народната банка. Сметам дека овде би требало да биде поконкретно, затоа што на Народната банка што се случува упадот на Србија во Народната банка на Југославија немаме никаква гаранција. Бараме мислење од Извршниот совет каква гаранција ќе можеме понатаму да имаме како Република.

Исто така, не ми е јасно ова што пишува "Нацртот на законот не е во согласност со Уставот на СФРЈ и уставните амандмани" Тоа за мене е прекршок од појдовна основа.

Трето, имам едно прашање за господата од Извршниот совет, а тоа гласи: Колку и во која мера Извршниот совет или Народната банка на Републиката ги прател или елаборирал појавата во областа на монетарно-кредитната и девизната политика и кредитните односи со странство.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Шабан Превала.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници. Немам посебна забелешка кон Нацртот на законот предложен од страна на СИС, само сакам да кажам дека добро е што конечно се извлекува поука после тоа што се случи со пробивањето на Република Србија и на некои други републики во системот на кредитно-монетарната политика Добро е што до договарањето кое се очекува меѓу републиките и другите субјекти во Југославија што се предлага едно корегирање во областа на банкарскиот систем и монетарно-кредитната политика.

Лично сметам дека по усвојувањето на платформата за идните договори за кои децидно се определивме за остварување на реформата, за непречено делување на сојузните органи и т.н. и после тоа што е дадено како образложение, па и ставовите и мислењата на нашиот Извршен совет и излагањето на колегата Тошевски, мислам дека треба овој законски проект да се поддржи како мерка повеќе со сите свои недостатоци и формално-правни, дали се заснивaат на устав и т.н. Тргнувајќи од тоа дека конечно Народната банка на Јутославија како банка на банките, во случајот си се задолжува самата себе преку овој закон да воведе ред во креирањето на паричната маса, преку регулирањето на оптекот на пари. Сметам дека како мерка заслужува поддршка и во таа смисла јас би бил за тоа да нашата делегација во соборите на Сојузното собрание овој текст начелно го поддржи со сите овие забелешки што се изнесени од страна на нашата Влада. Токму поради тоа, затоа што априорно со прифаќањето на платформата ние се определивме до идните договори, до конечните договори на ниво на Југославија да тече се како што треба, системот да функционира.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор? Има збор Тито Беличанец.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Бидејќи се покренаа неколку уставни и системски прашања, прво Извршниот совет, а веројатно и Владата на ваков начин ги доставува мислењата, меѓутоа нема работни тела се уште на Собранието, вообичаено е тој работен контакт меѓу Владата и членовите на Извршниот совет да се остварува на работните тела. Верувам тој недостаток ќе се отстрани така да ќе може во една долготрајна работа, темелна сите работи и прашања да се надминат и меѓусебно да се информираат пратениците.

Второ, нашата забелешка е дека овој закон може да си ја оствари неговата уставност. Како што ви е познато во процедура се уставните амандмани со кои се зголемува федералната власт на Народната банка, Тие уставни амандмани се само утврдени, утврден е предлогот, меѓутоа освен две,три собранија на републиките, други немаат дадено согласност.

Трето, иако навидум оваа мерка води кон внесување на ред во монетарниот систем во земјата, може да биде во одредени околности изменета и заради тоа да не биде злоупотребена, без претходно да се договорат новите односи во рамките на земјата. Овие наши укажувања ги прифати на одреден начин и господин Марковиќ и веројатно во меѓувреме, како што од разговорите произлезе и самиот СИС ќе ја промени концепцијата на интервенцијата на овој закон заради отстранувањето на овие самоволни упаѓања во монетарниот систем.Имено, нашите укажувања како Извршен совет во разговорите беа дека и сегашниот механизам на контрола од страна на Сојузното собрание и Извршниот совет кога би функционирал можеше да се спречи и се уште може да се отстранат тие еднострани упаѓања. Ние, бидејќи сметаме дека тоа е и кривично дело, побаравме да се поведе и кривично обвинение, постапка према сторителите што го овозможија тоа.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ: ( Продолжение)

Беше изнесен податокот дека 90% од вработените во Народната банка на Југославија се од Белград. И постои објективна можност, што всушност се и случи за злоупотреба и да не функционира законито работоњето на Народната банка на Југославија.

Наше мислење е вака како што е кадровски структурирани и поставена Народната банка, кога би ги дале бланко овие овластувања по законот, би била уште поголема опасност. Затоа Извршниот совет во и Тошевски овде го изнесе, предлага точката 2 да се брише последната реченица, согласно амандманот 50. Значи нашето собрание, како што всушност е конципирано во Заклучокот да го прифати како основа за усогласување, а потоа да го информира Делегацијата Собранието врз основа на овие наши заклучоци, што понатаму би се одлучувало. Така да нашата желба за дисциплина во монетарниот систем треба да се оствари и со гаранција на Извршниот совет дека ќе предложи решенија кои ќе бидат и спроведливи и во овој момент на состојбите во земјата.

ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:

Можеби јас така сваќам пратеникот Превала кога предложи ние Нацрт-законот да го дадеме во процедура односно засега да му дадеме преодно мислење односно да го прифатиме.

Добро е кажано но мислам дека мала забуна направи тоа што со материјалите го добивме и мислењето до Извршниот совет и заклучокот што ни е понуден и кој текст ние сега треба да го усвоиме. Практично ние го усвојуваме предлогот што е даден на заклучокот и сметам дека треба сега на него да се задржиме, имајќи го предвид и мислењето на Извршниот совет и тука да предложиме наши конкретни забелешки.

Она што го предложи пратеникот Превала одудара од самиот заклучок и сметам дека треба да останеме на самиот заклучок, од причина што тоа е и наша фаза што сега се бара. Од нас се бара само толку и тоа во материјалот стои добро, со предлог надлежните собори горе за него да заземат ставови и да му го достават на Соборот на републиките и покраините до 1 февруари. Практично тоа се наши ставови што ние ги даваме за натамошната процедура при донесувањето на самиот закон. Он е уште во фаза на самиот нацрт.

Сметам дека нашите ставови се доста јасни, уште во првиот член каде што укажуваме дури и на потребата од тоа да се преиспита дали овој закон е во согласност со уставите на СФРЈ и СРМ, што значи дека претстои една фаза, што сега според заклучокот пред самите разговори за усогласување и донесување на овој закон, а ние сигурно ќе имаме прилика, кога ќе биде он во фаза на предлог, да ги видиме и резултатите од самото усогласување.

Сега ја сметам дека би требало на нашата делегација да и дадеме задолжување односно да кажеме дали да задолжуваме со овие заклучоци, или, доколку има одредени дополнителни предлози, таа нас повторно да не информира и какво е тоа овластување што ние сега на неа ќе и го дадеме.

СТОЈАН АНДОВ:

Пред да му дадам збор на господинот Благоја Силјановски кој овде ја претставува нашата Делегација во Соборот на републиките и поркаините на Собранието на СФРЈ и ќе ни објасни , па да би го имал во вид и тоа што сега јас ќе го дадам, еве и јас сега сакам да кажам нешто во врска со ова.

Од мислењето на Извршниот совет крајна консеквенца произлегува дека овој закон е непотребен. Тоа е мислењето на нашиот Извршен совет.

Сојузниот извршен совет пак има друго мислење. Тој мисли, заради овие упади во монетарниот систем дека треба да се направи брана, да не можат да извршуваат емисија народните банки, туку таа да се врши непосредно преку сметките на Народната банка на Југославија.

Работата е сега во следното. Ако го усвоиме заклучокот упатството на нашите делегати е да укажат дека овој закон не треба. Тоа е во основа, не треба овој закон да се донесува, туку дека се укажува на Народната банка на Југославија и на Сојузниот извршен совет, низ постојните инструменти да обезбедат истата задача што сега со закон се сака да се пренесе на Народната банка на Југославија.

На нас овде од страна на господинто Беличанец ни беше објаснето дека во разговорите со претседателот на Сојузниот извршен совет овој став е изложен и дека тој рекол дека они ќе го разгледаат уште еднаш.
Ако до таму е дотерана работата, предлагам ние да го усвоиме овој заклучок, тоа е така договорено, а ако Сојузниот извршен совет не може да гарантира и натаму пробој во областа на емисијата од народките банки на републиките тогаш ние ќе бидеме информирани од страна на делегацијата и ќе знаеме тогаш каков непосреден став, ценејќи ги опасностите од таквата ситуација, да заземеме.
Во овој момент ако им дадеме овластување да дадат согласност, целата работа е завршена. Во тоа е сега разликата меѓу мислењето што е подготвено од службите кај нас и оценките и мислењето од Извршниот совет.
Лично познавајќи ја проблематиката, сега дискутирам како пратеник, предлагам да се усвои овој предлог на Тошевски, макар да тоа не упатува уште на една седница, но, не чини посигурни во патот на расчистување на таа материја. Тоа е мојот предлог.
Му давам збор на господин Благоја Силјановски.

БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:
После Вашето објаснување, јас немам потреба да се јавам Го прифаќам објаснувањето и предлогот што го дадовте.

СТОЈАН АНДОВ:
Според тоа го ставам предлогот што Тошевски овде го даде, како амандман на мислењето што ви е поделено овде, на втората страна текстот да заврши после зборовите "да го информира Собранието на СРМ".
Дали се прифаќа овој предлог?
Молам, кој е за предлогот нека крене рака? (Пратениците креваат рака).
Дали некој има против? (НИкој).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Нихсо"]),
Констатирам дека сите присутни пратеници гласаа за усвојувањето на овој предлог и со ова текстот на заклучокот е утврден.
Бидејќи дневниот ред е исцрпен, пред да ја заклучам Четвртата седница на Собранието на СРМ, ве потсетувам дека господин Тупурковски овде даде една идеја, Собранието со една изјава или апел да се обрати до сите демократски сили во земјата, да останеме верни на демократијата и миролјубивиот начин на решавање на проблемите, тоа беше суштината, без употреба на оружје.
Предлагам да се изјасниме, дали сме за таква изјава да се даде во Јавноста.
Јас сум за тоа да се даде таква изјава од страна на Собранието денес.
Кој е за тоа да дадеме таква изјава (пратениците креваат рака).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)
Предлагам ние сега да направиме една пауза а да го задолжиме

потпретседателот Тито Петковски да организира соработка и со Тупурковски и неговата идеја добро да ја опфати и една соработка со Извршниот совет и со службите овде, да се направи една кратка изјава.
Предлагам да се направи изјавата и текстот да се подели на сите пратеници.
Предлагам пауза од 30 минути
Текстот на соопштението ви е поделен.
Дали некој бара збор во врска со текстот?

ЉУБИСАВ ЈАКИМОВСКИ:
За да не ги прејудицираме работите, имам едне предлог да се скрати текстот со тоа што предлагам да отпадне третиот дел од првата речница "Особено настаните во Република Хрватска" и петтиот ред од истата реченица "во овие драматични моменти за натамошното опстојување на Југославија".

СТОЈАН АНДОВ:
Кој уште бара збор?

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:
Мора во текстот да стои Уставот и Законот. Мора да стои Уставот на Југославија. Тоа заради тоа што сите пробелми во југословенската заедница мораа да се разрешуваат врз основа на тие инструменти на Уставот на Југославија кој ги штити малите републики, а тоа е консензуален начин на одлучување. Исто така и другите работи како што е неповредливоста на суверенитетот на Републиката и другите одредби на Уставот. Според тоа мислам дека треба или на крајот на реченицата, после првиот пасус да стои во согласност со Уставот и Законот или после реченицата "се обраќа до највисоките органи на Федерацијата и републиките", тука да стои "ги почитуваат уставноста и законитоста и апелира во драматичните моменти". Главно да се напомене дека сите спорови мора да се остваруваат врз основа на Уставот и Законот.
Јас сум за тоа да се прифати постојниот текст, двете дополнувања не ги прифаќам. Првото, мора да се спомне бидејќи ние се обраќаме токму по повод на настаните во Хрватска. Второто нема потреба да се спомнува Устав и закони, тие се подразбираат и мора да се почитуваат.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:
Јас го прифаќам текстот како што е, со една мала забелешка на предлогот што го даде претставникот на ВМРО. Инаку, не се согласувам со господинот Беличанец. Спрема Уставот на Југославија и спрема законите ако одиме нема да бевме тука, бидејќи со тоа се губи плурализмот.

ТРПЧЕВСКИ ДУШАН:

Текстот го прифаќам во целина. Би додал уште, каде што пишува да се воздржат од употреба на сила, тука да стои две точки и да се каже "помеѓу единиците на ЈНА, паравоените единици, органите на милицијата и граѓаните".

СТОЈАН АНДОВ:

Деловнички е сега сите предлози да ги ставиме на гласање.
На сите ни е јасно дека од повеќепартискиот систем овде ние би имале девет разни апели. Исто така 120 пратеници ќе дадат 120 апели. Затоа дајте да се обидеме, ако се согласувате да не одиме во поединечно изјаснување за предлозите, туку да гласаме за основниот текст.
Дали се согласувате со овој предлог?
Господинот Јакимовски не се согласува и неговиот предлог морам да го дадам на гласање, затоа што тој инсистира на тоа.
Неговиот предлог беше да се бршат зборовите "особено настаните во Република Хрватска", а исто така да се избришат и зборовите "во овие драматични моменти за натамошното опстојување на Југославија".

Кој е за предлогот што го даде пратеникот Јакимовски?
(31 глас).

Кој е против овој предлог? (51 глас).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот што го даде пратеникот Јакимовски не е усвоен.
Дали другите пратеници инсистираат нивните предлози да ги ставам на гласање или не? (Не).

ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР:

Јас мислам дека текстот е сосема добар и во овој дел што стои "и апелира во овие драматични моменти за натамошно опстојување на Југославија, да се воздржат од" тука предлагам заострување на односите во разрешувањето на спорните прашања Да не прејудицираме сила.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас укажувам дека предлогот беше и оригинален, земен од другарот Тупурковски каде се велеше заради опасноста од употреба на сила да дадеме апел, инаку апел за заострување секогаш треба да даваме.
Дали господинот Трпеновски инсистира неговиот предлог да го ставиме на гласање?

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ

Да.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за предлогот на господинот Трпеновски? (Двајца) Кој е против предлогот? (Пратениците креваат рака). Има ли некој воздржан? (Нема). Објавувам дека предлогот на Трпеновски не е усвоен.
Дали господинот Беличанец инсистира неговиот предлог да го дадеме на

гласање. Инаку тој укажува на тоа дека е тоа нужно.

ТИТО БЕЛИЧАНЕЦ:

Јас не инсистирам, не заради тоа што не сметам, бидејќи се конституиравме дека не е тоа поголема гаранција на Македонија, меѓутоа кога има поинаква конотација и интерпретација, нека одлучи Собранието. Инаку не инсистирам.
Мислата на мојата интервенција е да ја засилиме позицијата на Републиката.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи Беличанец не инсистира, според тоа неговиот предлог не го ставам на изјаснување.
Го давам на гласање текстот што ви е поделен.
Молам, кој е за текстот што ви е поделен, нека крене рака
(Пратениците креваат рака).
Кој е против овој текст? (8 пратеника).
Дали некој се воздржува од гласање? (8 пратеника)
Со осум гласови против и 8 воздржани е усвоен текстот на обраќањето. (Аплауз).

Уште еднаш пратениците ги повикувам утре задолжително да присуствуваат на седницата, бидејќи избираме претседател и потпретседател на претседателот на Републиката.
(Седницата заврши во 16,30 часот).